Проектот " Margina Obscura "
е поддржан од Европска Унија



# АЛКАТА
## ШТО НЕДОСТАСУВА

### Демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

**Полио Плус**
движење против хендикеп

**ПОЛИО ПЛУС**
движење против
хендикеп

Публикацијата **„Алката што недостасува“ - демистификација на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование** е изработена во рамките на проектот: Margina Obscura – прашањето на хендикеп во пристапувањето кон Европската Унија. Главната цел на проектот е да го зајакне влијанието на граѓанскиот сектор преку Единствен глас на Организациите на лица со хендикеп, при креирањето на јавните политики, донесувањето на одлуки и зајакнувањето на граѓанскиот и политичкиот дијалог.

Публикацијата е изготвена со финансиска поддршка на Европската Унија.

Содржината на оваа публикацијата е единствена одговорност на Полио Плус и на никаков начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија

# АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА

## Демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

Мислењата што се изразени овде припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на  Полио Плус

Публикацијата може да се репродуцира за едукативни намени на кој било начин без наплата. При копирањето за други цели, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

Публикацијата е достапна во електронска форма на www.polio plus.org.mk

**„АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА“ - ДЕМИСТИФИКАЦИЈА НА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОСВРТ НА ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ**

**Издавач**

Полио Плус – движење против хендикеп

**За издавачот**

Звонко Шаврески

**Превод, лектура**

ОЗ Дизајн

**Печати**

Хонор печат

**Графичка техничка обработка**

Огњен Фиданоски

**Тираж** 1000 копии

Година 2018

CIP – Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

ISBN

C© Полио Плус – движење против хендикеп





# СОДРЖИНА

Вовед .......... 7

**ГЛАВА I**

МЕЃУНАРОДНИ ПРАВНИ СТАНДАРДИ .......... 10

1. Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп на ООН .......... 12

2. ЕКЧП, Протокол 12 кон ЕКЧП и Европската социјална повелба .......... 15

3. Заклучни согледувања на иницијалниот извештај на Република Македонија од страна на Комитетот за правата на лицата со хендикеп .......... 16

**ГЛАВА II**

НАЦИОНАЛНА ПРАВНА РАМКА .......... 26

1.Национално законодавство и негова усогласеност со КПЛХ .......... 27

2. Статистика и Податоци на национална ниво .......... 32

3. Перцепција за дискриминација врз основ на хендикеп .......... 44

**ГЛАВА III**

ДЕМИСТИФИКЦИЈА НА ПРАШАЊЕТО НА ХЕНДИКЕП ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ .......... 48

1. Цел, предмет и примерок на истражувањето .......... 49

2. Квантитативна и квалитативна анализа на одговорите на прашалниците .......... 53

Заклучоци и препораки .......... 78

Библиографија .......... 85

# ВОВЕД

Дали лицата со хендикеп во остварувањето на правото на образование ги уживаат истите права на еднаква основа со другите?



# ВОВЕД

Полио плус – движење против хендикеп, во рамките на проектот „Маргина Обскура“, финансиран од Европската Унија ја изработи Анализата со наслов „Алката што недостасува“ - демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование.

Признавањето на потребата од инклузија и вклучувањето на лицата со хендикеп како клуч за остварувањето на правото на образование е особено потикнато во последните 30 години и истото е вградено во Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп (понатаму во текстот: КПЛХ).

Анализата има за цел да собере информации и да се согледа какво е видувањето на заедницата со хендикеп во остварувањето на правото на образование, дали истите ги уживаат тие права на еднаква основа со другите, како и да ги интерпретира истите во светло на обврските на државата во спроведувањето на КПЛХ во националниот контекст. Од тие причини предизвик беше на едно место да се изврши разгледување на состојбите на лицата со хендикеп во остварувањето на ова право општо, на спецификите кои ги уредува КПЛХ како од материјален, така и од технички карактер.

Публикацијата е изработена со примена на комбинирана методологија која се состои од преглед на литературата и документи, анализа на 1000 прашалници добиени од лицата со хендикеп и родителите на деца со хендикеп, фокус групи и полуструктурирани интервјуа.

Дополнително истата го појаснува значењето, опсегот, како и отворените прашања и дискусиите за КПЛХ и ги презентира видувањата на Комитетот за правата на лицата со хендикеп при Организацијата на обединетите нации (понатаму во текстот: ООН) со цел изведување на заклучоци и препораки за унапредување на состојбите.

# ВОВЕД

**Анализата се состои од четири поглавја:**

- Глава I - дава преглед на правото на образование за лицата со хендикеп согласно меѓународните стандарди со акцент на КПЛХ, притоа објаснувајќи го процесот и содржината, вклучуваќи го и толкувањето на значењето и опфатот на ова право.
- Глава II - индикативно ја анализира состојбата на национално ниво од аспект на усогласеноста на законодавната рамка со КПЛХ како и расположливите податоци на национално и локално ниво. Во истата се опфатени постоечките согледувања и извештаи во оваа област.
- Глава III – ја анализира состојбата на терен за тоа какво е видувањето на заедницата со хендикеп во поглед на остварувањето на правата во областа на образованието.
- Глава IV - ги сумира сите заклучоци од претходните глави и дава препораки кои се однесуваат пред сé на чекорите што државата треба да ги преземе за усогласување на законодаството и промена на практиките во поглед на остварување на правото на образование.

Оваа публикација треба да служи како алатка за изработка на системски програми, мерки и политики за промена на колективната свест по ова прашање, како и да придонесе кон хармонизирање на законодавната рамка со КПЛХ.

# ГЛАВА I

## МЕЃУНАРОДНИ ПРАВНИ СТАНДАРДИ



Меѓународната Конвенција за правата на лицата со хендикеп и Факултативниот протокол кон неа, беа усвоени со консензус од Генералното собрание на Организацијата на обединетите нации (понатаму во текстот: ООН) на нејзината 61-ва седница оддржана на 13 декември 2006 година, со Резолуцијата A/RES/61/106[1]. Моментално, 162 земји ја имаат потпишано Конвенцијата а 177 се нејзини договорни страни, додека, пак, 92 земји го имаат потпишано Факултативниот протокол и 92 го имаат ратификувано истиот[2].

KPLH е одговор од меѓународната заедница на долгата историја на дискриминацијата, исклучувањето и дехуманизацијата на лицата со хендикеп. Истата посочува дека најголемото малцинство во светот треба да ги ужива истите права и можности како и секој друг. Таа покрива многу области во кои лицата со хендикеп се дискриминирани, вклучувајќи го и пристапот до правдата, учеството во јавниот и политичкиот живот, образованието, вработувањето, забраната на тортура, искористување и насилство, како и слободата на движењето. Со пристапувањето на ратификацијата на опционот протокол, поединци или држави-членки кои покренале тужби за нивните права, и ги исцрпиле домашните правни лекови, може да бараат повторен одговор од независно меѓународно тело.

Република Македонија ја потпиша МКПЛХ на 30 март 2007 година, а истата ја ратификува на 5 декември 2011 година. Дополнително, земјата го потпиша Факултативниот протокол кон Конвенцијата на 29 јули 2009 година, а го ратификува на 5 декември 2011 година[3]. Инструментите за

[1][Види: Резолуција успвоена од страна на Генералното Собрани на ООН на 13-ти Декември 2006 година, A/RES/61/106, 24 јануари 2007.Достапно на: < https://treaties.un.org/doc/source/docs/A_RES_61_106-E.pdf > ]

[2][Оваа ситуација е од ноември 2018 година. За повеќе информации за статусот на потпишување и ратификација на МКПЛП Достапно на: <http://treaties.un.org/Pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY &mtdsg_no=IV-15&chapter=4&lang=en> ]

[3][ Погледни: Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на лица со инвалидност и Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лица со инвалидност, Собрание на РМ. 2011, страна 19 Достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk/Issues/ED1FF6FC1C8A1F4A8F36F48EFDE95E55.pdf> ]

# ГЛАВА I

ратификација се депонирани во Организацијата на обединетите нации на 29 декември 2011 година.

Согласно и членот 118 од Уставот на Република Македонија[4], одредбите од КПЛХ директно се применливи во законодавството, вклучително и од страна на националните судови кои со текот на времето треба да овозможат создавање на конзистентна судска пракса.

## 1.Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп на ООН

Во меѓународното право, лицата со хендикеп се признати како носители на права, каде државите имаат обврска да го признаат правото на образование на лицата со хендикеп без дискриминација и врз основа на еднакви можности на сите нивоа, вклучуваќи го и доживотното учење.

КПЛХ е првиот правно обврзувачки инструмент кој содржи насоки и упатува на концептот за квалитетно, инклузивно образование за лицата со хендикеп. Во ист дух на КПЛХ е и целта 4 од „Цели за одржлив развој до 2030 " кои ја потврдуваат вредноста од инклузивно, квалитетно и правично образование[5].

Инклузивното образование е од суштинско значење за постигнување високо квалитетно образование за сите ученици, вклучувајќи ги и учениците со хендикеп. И во извештајот на Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на ООН[6] е посочено дека „само инклузивното образование може да обезбеди квалитетно образование и социјален развој за лицата со хендикеп и гаранција на универзалност и недискриминација во правото на образование".

[4][ Погледни: Публикација:„Устав на Република Македонија, со амандманите на уставот I – XXXII", ЈП Службен весник на РМ, страна 55, едиција 2011, Достапно на: < http://www.slvesnik.com.mk/content/Ustav%20na%20RM%20-%20makedonski%20-%20FINALEN%202011.pdf >]

[5][ Погледни: „Цели за одржлив развој до 2030 " – цел 4, Достапно на:< https://www.un.org/sustainabledevelopment/education/ >]

[6][ Погледни: „Тематска студија за правото на лицата со хендикеп во образованието. Извештајот на Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на ООН, A/HRC/25/29 and Corr.1, параграф 3 и 68. Достапно на: <https://www.ohchr.org/EN/HRBodies/HRC/RegularSessions/Session25/Documents/A-HRC-25-29_en.doc>]





# ГЛАВА I

Членот 24 од КПЛХ се однесува на правото на инклузивно образование на лицата со хендикеп на сите нивоа (основно, средно, високо, вклучително и доживотно учење) и во сите сфери (државно и приватно) на образовниот процес, без дискриминација и врз основа на еднакви можности.

За да се реализира членот 24 (1) (а), образованието мора да биде насочено кон целосен развој на човечкиот потенцијал и чувство на достоинство и самопочит, како и да води кон зајакнување на почитувањето на човековите права и промоција на човечката разновидност. Носечки елементи на овој член се: принципот на не-дискриминација и соодветно приспособување, а се со цел остварување на образовна средина која ќе го гарантира присуството, учеството и развојот на лицата со хендикеп[7], каде што индивидуалната поддршка и соодветното приспособување треба да бидат бесплатни и достапни на секое ниво во образовниот систем[8].

Дополнително, интенцијата на член 24 е да го овозможи правото на избор на децата со хендикеп слободно да изберат во каква установа ќе го добиваат своето образование, односно редовен образовен систем или специјално образование. И во таа линија Комитетот за правата на лицата со хендикеп посочува дека: "ставањето на учениците со хендикеп во редовните одделенија без соодветни структурни промени, на пр. во организацијата, наставната програма и воведување на стратегии за настава и учење не претставува инклузија. Самата интеграција автоматски не гарантира премин од сегрегација до вклучување"[9] .

[7][ Погледни: „Општ Коментар број 13 (1999), Член 13: Право на образование"- член 13 (2) – Право на образование, страна 3 ООН Комитет за економските социјалните и културните права. Достапно на: < http://www.refworld.org/docid/4538838c22.html >]

[8][ Погледни: „Општ Коментар број 4 (2016), Член 24: Право на инклузивно образование"- параграф 17 ООН Комитет за правата на лицата со хендикеп. Достапно на: <http://www.refworld.org/docid/57c977e34.html >]

[9][ Погледни: „Општ Коментар број 4 (2016), Член 24: Право на инклузивно образование"- параграф 11 ООН Комитет за правата на лицата со хендикеп. Достапно на: <http://www.refworld.org/docid/57c977e34.html >]

Затоа членот 24 (2) (в) упатува на тоа дека државите мора да обезбедат разумно прилагодување кое ќе им овозможи на учениците со хендикеп да имаат пристап до образование на еднаква основа со другите. Дополнително, самиот образовен процес треба да се заснова и да ги користи алтернативните форми на комуникација како што се Браевото писмо, знаковниот јазик, алтернативните вештини за пишување и слично, како и на начини и средства кои ќе го максимизираат нивниот академски и социјален развој. Така во случај на лица со оштетен слух и говор, знаковниот јазик треба да се признае како јазик до кој децата треба да имаат пристап и чија важност треба да се препознае во општествената средина[10].

Правото на образование на лицата со хендикеп нема да се спроведе во целост ако непостои обврската на државите да превземат мерки за вработување нанаставен кадар, вклучително и наставници со хендикеп, кои се квалификувани за знаковен јазик и/или Браево писмо и да обезбедат обука за наставниот кадар кој работи на сите нивоа на образование. Оваа обука би го опфатило подигнувањето на свесноста за прашањето на хендикеп и користењето со алтернативни начини, направи и формати за комуникација, образовни материјали и техники за поддршка на лицата со хендикеп (член 24 (4)).

Посебно за правото на образование се наведува дека “... наставната програма во многу држави денес препознава дека лицата со хендикеп најдобро е да се образоваат во редовниот образовен систем. ... државите треба да обезбедат наставниот кадар да се обучи за пружање образование на деца со хендикеп во рамките на редовните училишта и достапност на потребната опрема и поддршка со цел лицата со хендикеп да го достигнат истото ниво на образование како и останатите”. Политиките кои го регулира овој институт мора да бидат усвоени на ниво на национално, локално и на сите нивоа во образовната инфраструктура. Користењето на изговори

[10][ Погледни: „Општ Коментар број 5 (1994), Лица со хендикеп, параграф 35 страна 8-9 ООН Комитет за економските социјалните и културните права. Достапно на: < http://www.refworld.org/docid/4538838f0.html >]





дека државата има “недостаток на ресурси и постоењето на економска финансиска криза “ за да се оправда „непреземањето на акција“ во основа преставува кршење на член 24[11].

За остварување на правата на лицата со хендикеп, како и ефективна имплементација на КПЛХ од големо значење е активната вклученост на организациите на лица со хендикеп, индивидуалците со хендикеп, децата со хендикеп при што треба да се внима на застапеноста на сите форми на хендикеп, како и на родовиот баланс.

Во реализирањето на правото на образование на децата со хендикеп не треба да се исклучат ни децата со хендикеп кои живеат во институциите[12]. Треба да се заклучи, во насока на ставот на Комитетот дека инклузивното образование е некомпатибилно со институционализацијата[13]

## 2 ЕКЧП, Протокол 12 кон ЕКЧП и Европската социјална повелба

На регионално ниво, Европската конвенција за човековите права и основни слободи преставува правно обврзувачки документ за сите европски држави кои што ја ратификувале и се согласиле да обезбедат услови за остварување на основните човекови права во рамките на својот национален систем. Тие се обврзани да ја спроведат КПЛХ така што домашното право ќе ги прокламира правата загарантирани со неа и со дополнителните протоколите кон неа и ќе обезбедат правна заштита за секој поединец на национално ниво.

Во рамките на Советот на Европа е донесена и Европската социјална повелба, која ја дополнува ЕКЧП во областа на економските и

[11][ Погледни: „Општ Коментар број 4 (2016), Член 24: Право на инклузивно образование“- параграф 28, ООН Комитет за правата на лицата со хендикеп. Достапно на: <http://www.refworld.org/docid/57c977e34.html >]

[12][ Погледни: Попоска Ж. Публикација „ Толкувач на Меѓународната Конвенција за правата на лицата со попречност на Организацијата на обединетите нации“, страна 69 – 70, 2018 Полио Плус, Достапно на: <http://polioplus.org.mk/margina/dokumenti/Tolkuvac-B5-mk.pdf> ]

[ Погледни: „Општ Коментар број 4 (2016), Член 24: Право на инклузивно образование“- параграф 66, ООН Комитет за правата на лицата со хендикеп. Достапно на: <http://www.refworld.org/docid/57c977e34.html >]

# ГЛАВА I

социјалните права. Имајќи ги предвид судските случаи (случајот Mental Disability Advocacy Center v. Bulgaria и случајот Autism-Europe) заштитата која ја нуди ревидираната Повелба посебно во делот на не-дискриминацијата, преку можноста за поднесување на колективни претставки е значајна алка во борбата против институционалните форми на дискриминација, повикувајќи се на водечките вредности, како што се човековото достоинство и социјалната вклученост на лицата со хендикеп[14].

### 3. Заклучни согледувања на иницијалниот извештај на Република Македонија од страна на Комитетот за правата на лицата со хендикеп

Во 2018 година на 20 - та сесија на ООН Комитетот за правата на лицата со хендикеп се оценуваше имплементацијата на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп од страна на Р. Македонија. На дводневната сесија беа оценувани граѓанските и политичките права, но и економските и социјалните права за граѓаните со хендикеп согласно Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп. Во Заклучни согледувања на иницијалниот извештај на Република Македонија[15], Комитетот за правата на лицата со хендикеп посочува на неколку препораки за остварување на правото на образование (член 24) од КПЛХ. Покрај препораките и забелешките за член 24, во овој дел ќе се осврнеме и на дел од забелешките и препораките на Комитетот кои се тесно поврзани со остварување на правото на образование.

[14][д-р Попоска Ж, д-р Јовевски Л. Публикација: „Антидискриминациско право“, ОБСЕ во Скопје, страна 57. ]

[15][ Погледни: Заклучни согледувања на иницијалниот извештај на Република Македонија од страна на Комитетот за правата на лицата со хендикеп, усвоено од страна на Комитетот на 20-та седница (27 август- 21 септември 2018). ООН Комитет за правата на лицата со хендикеп. Достапно на: < https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/MKD/CO/1&Lang=En> ]





# ГЛАВА I

| Образование (член 24) | |
|---|---|
| **Забелешки** | **Препораки** |
| Комитетот е загрижен дека Законот за заштита на децата и Законот за основно образование сè уште дозволуваат сегрегација на учениците со хендикеп и сеуште постојат сегрегирани образовни средини, особено за учениците со интелектуален хендикеп.<br>Понатаму, Комитетот е загрижен дека не постои сеопфатна стратегија за инклузивен образовен систем со фиксни рокови и резултати, како ни определени соодветни финансиски, човечки и технички ресурси, особено за учениците со интелектуален хендикеп. ( став 39) | Во согласност со општиот коментар на Комитетот бр. 4 (од 2016) за правото на инклузивно образование и целите 4.5 и 4.8 од Целите за одржлив развој, Комитетот и препорачува на државата (став 40):<br>(а) Да се ревидира Законот за заштита на децата и Законот за основно образование како истите би го промовирале инклузивното образование и истите ќе го вклучат основот на хендикеп во заштитната клаузула за заштита од дискриминција, вклучувајќи ја и забраната за одбивање на разумно прилагодување, како форма на дискриминација по основ на хендикеп;<br>(б) Да се донесе план за транзиција со цел да се обезбеди инклузивно образование за лицата со хендикеп на сите нивоа во образовниот систем, вклучувајќи ги и во високо образовните институции;<br>(в) Да се обезбеди соодветна поддршка, ресурси и квалификувана обука за наставниците и помошниот персонал со цел забрзување на инклузијата, особено за учениците со интелектуален и психосоцијален хендикеп, како и на девојчињата со хендикеп;<br>(г) Да се обезбеди пристапност до образовните простории, вклучувајќи ги и универзитетите;<br>(д) Експлицитно и веднаш да се забрани исклучувањето на учениците со хендикеп од редовните училишта врз основ на нивниот хендикеп. |

# ГЛАВА I

АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА
демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

ГЛАВА I

## Општи начела и обврски (членови 1-4)

### Забелешки

Комитетот е загрижен за (став 5) :

(а) Недостатокот од усогласување на националното законодавство, политиките и програмите со Конвенцијата и застапеноста на медицинскиот пристап кон прашањето на хендикеп;

(б) Различните проценки за утврдување на состојбата на хендикеп и постоечките дефиниции во законодавството кои не се во согласност со пристапот на човекови права кон прашањето на хендикеп.

(в) Постои недостаток и нејасни планови, како ни временска рамка или буџетски средства со цел да се обезбеди прогресивна реализација на правата на лицата со хендикеп а во консултација со организациите на лицата со хендикеп.

### Препораки

Комитетот и препорачува на државата( став 6):

(а) Потребно е целосна ревизија на постоечкото законодавство и политики и нивно целосно усогласување со Конвенцијата;

(б) Потребно е да се отстранат навредливи термини кои се однесуваат на прашањето на хендикеп и да се обезбеди почит кон достоинството на сите лица со хендикеп;

(в) Да се обезбеди метод за проценка на состојбата на хендикеп кој целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права, преку:

- Вклучување на организациите на лица со хендикеп во креирање на оценката и проценката за категоризацијата на лицата со хендикеп;
- Вклучување и анагажирање на лица со хендикеп во креирањето на информацијата врз основа на која се направени проценките;
- Елиминирање на многубројните проценки и категоризации, со цел да се отстраната непотребните бариери;
- Информацијата за условите како и барањата за проценката да бидат во пристапни и достапни форми
- Да се правата чести ревизии на методите за проценка и оценка на категоризацијата на лица со хендикеп.

(г) Да се осигура и обезбеди дека организациите на лица со хендикеп се активно вклучени во креирањето, оценувањето на законите, политиките, акциските планови, временските рамки и буџетите и дека нивните мислења ќе се земат во предвид пред усвојување на одлуките кои се однесуваат на нив.

## Еднаквост и недискриминација (член 5)

### Забелешки

Комитетот (став7) е загрижен дека:

(а) Член 9 од Уставот на државата не го содржи основот хендикеп за заштита од дискриминација;

(б) Непостојат казни во националните закони за јавните и за приватните институции или индивидуи кои прават дискриминација врз лицата со хендикеп

### Препораки

Комитетот (став 8) и препорачува на државата:

(а) Ревидирање на цело законодавство со вклучување на основот на хендикеп во заштита од дискриминација, вклучуваќи ја вклучувајќи заштитата од дискриминација по повеќе основи и интерсекциската дискриминација;

(б) Воведување на мерки / правни лекови со цел да се обезбеди оштета, вклучувајќи и надомест за лицата кои се соочиле со дискриминација по основ на хендикеп и воведување на мерки за санкционирање на виновниците;

| | |
|---|---|
| и непостојат ефективни правни лекови за заштита од дискриминација по основ на хендикеп;<br>(в) Не се обезбедени редовни обуки за не-дискриминација и разумно прилагодување за јавните и приватните чинители. | (в) Воведување на редовни обуки на јавните и приватните чинители за не-дискриминација и разумно прилагодување за лицата со попреченост заснован на човековите права, а не на традиционалниот медицински и милосрден пристап. |

## Деца со хендикеп (член 7)

| Забелешки | Препораки |
|---|---|
| Комитетот ( став 15) е загрижен за:<br>(а) Непостоењето на специфично законодавство за правата на децата со хендикеп;<br>.........<br>(г) Постоењето и преовладувањето на стигматизацијата, дискриминацијата | Комитетот (став 16) и препорачува на државата:<br>(а) Да усвои посебна легислатива во однос на правата на деца со хендикеп;<br>.......<br>(г) Да се маинстримираат правата на децата со хендикеп, вклучувајќи го начелото најдобар интерес за детето во сите национални политики, планови, програми и низ сите сеопфатни законски рамки кои се однесуваат на децата и младите луѓе општо; |





| | |
|---|---|
| и стереотипите кон децата со хендикеп, како и континуираниот пристап кон изолација и институционализација;<br>(д) Постои недостаток од рана интервенција и политики/ одредби за сервиси за независно живеење;<br>(ѓ) Постои недостаток од механизми со кои би се обезбедило учество на децата со хендикеп во процесите на донесување на одлуки, а кои влијаат врз нивниот живот.<br>Особено постои недостаток од механизми со кои ќе се осигура и земе во предвид мислењето на децата со хендикеп за прашања кои се однесуваат на нив и нивните семејства, како и нивното учество во сите механизми за заштита. | (д) Да усвои мерки за надминување на стигмата и бробата против дискриминацијата како и стереотипите против децата со хендикеп;<br>(ѓ) Да обезбеди континуирана поддршка за детето од рана интервенција до независно живеење;<br>(е) Да се промовираат сеопфатни стратегии и механизми за целосно учество на децата со хендикеп во консултациите, во процесите на одлучување и и носење на политки, преку репрезентативните организации со цел да се промовира соодветен избор на сервиси кои најдобро одговараат на потребите на детето, земајќи ги во предвид способностите на детето кои се развиваат. |

АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА
демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

ГЛАВА I

## Пристапност (член 9)

### Забелешки

Комитетот забележува дека легислативата на државата обезбедува систематизиран и сеопфатен приод до правото на физички пристап. Меѓутоа Комитетот е загрижен (став 19) дека:

(а) Нема специфични и ефективни мерки и санкции за имплементацијата на легислативата која обезбедува пристап до физичката околина и информатички, комуникациски и технолошки системи;

(б) Пристапот до објекти, транспортни услуги и јавни институции и останати услуги надвор од главниот град е недоволен, има и недостаток од примена на сите меѓународни стандарди за пристапност на меѓународниот аеродром;

(в) Нивото на соработка помеѓу владините институции и агенции со организациите на лица со хендикеп во однос на имплементацијата и мониторинот на стандардите за пристапност е минимална;

(г) Законодавството не обезбедува систематски ниту целосен пристап кон остварување на правото на пристапност до информации и комуникации, вклучително и информатички и комуникациски технологии и системи.

### Препораки

Во поглед на член 9 од Конвенцијата и општиот коментар бр. 2 (2014), Комитетот препорачува државата- членка, во своите напори да ја оствари целта 9 и целите 11.2 и 11.17 од Целите за Одржлив развој (став20):

(а) Да направи ревизија на легислативата со цел да обезбеди задолжителна примена на стандардите за пристапност во сите области, особено за пристапноста до објектите, транспортните услуги, другите објекти и услуги отворени за јавноста, како и информатичките и комуникациските технологии и системи, и да воведе строги санкции за оние кои нема да ги применат;

(б) Да ги воведе стандардите за пристапност како услов во сите јавни набавки на услуги и градби и да ја следи имплементацијата;

(в) Да осигура дека пристапот до зградите, транспортот, информациските и комуникациските технологии и системи, како и објектите и услугите за јавноста и јавните институции и услуги се достапни на целата територија на државата членка;

(г) Да се забрза усвојувањето на сеопфатен национален акционен план за спроведување на стандардите за пристапност во тесна консултација со организациите на лицата со хендикеп, со јасно дефинирана временска рамка, критериуми за следење и евалуација.

# ГЛАВА I

## Слобода на изразување и мислење, и пристап до информации (член 21)

| Забелешки | Препораки |
|---|---|
| Комитетот е загрижен за многу ограниченот обем на информации од јавен карактер достапен за лицата со хендикеп, вклучиваќи го толкувањето на знаковен јазик, и тактилните формати, како што се Брајова азбука, формати лесни за читање и други алтернативни форми за комуникација во јавните и приватните медиуми.<br><br>Комитетот исто така е загрижен поради недостатокот на стандардизација, признавање и спроведување на знаковниот јазик како официјален јазик (став 38). | Комитетот (став 39) и препорачува на државата:<br>(а) Да донесе закон за правото на пристап до информации и елиминирање на сите ограничувања кои го отежнуваат уживањето на правото на лицата со хендикеп во нивната слобода да бараат, примаат и да даваат информации и идеи на еднаква основа со другите, како и да осигура и обезбеди веб-страниците да бидат достапни за лицата со хендикеп, особено за оние кои се слепи или со оштетен вид;<br>(б) Да се донесат конкретни правни мерки и мерки за имплементација со цел да се стандардизира, препознае и да се користи знаковниот јазик како официјален јазик кој треба да се предава во училиштата, да се формира група на квалификувани преведувачи на знаковен јазик и наставници со вештини за тактилно препознавање, Брајова азбука и вештини за приспособување на текстови во формат лесен за читање, како и да се осигура и обезбеди да телевизиските станици вестите и програмите ги овозможат во достапни формати, особено за лицата кои се глуви, глуво – слепи лица или наглуви |

# ГЛАВА II

## НАЦИОНАЛНА ПРАВНА РАМКА



# ГЛАВА II

### 1. Национално законодавство и негова усогласеност со КПЛХ

Националното законодавство опфаќа повеќе прописи кои се однесуваат непосредно или посредно на лицата со хендикеп во областа на образованието.

Законодавството во областа на образованието од аспект на заштита од дискриминација за заедницата со хендикеп не обезбедува системски пристап кон остварување на правото на образование без дискриминација и на еднаква основа со другите. Закон за основно образование[16] (понатаму во текстот: ЗОО), Закон за средно образование[17] (понатаму во текстот: ЗСО), Закон за високо образование[18] (понатаму во текстот: ЗВО) содржат клаузили за заштита од дискриминација, но во истите основот на хендикеп не е опфатен. Законската рамка не го уредува правото на разумно прилагодување и индивидуалната поддршка, како ни фомрите за комуникација што остава доста широк простор за исклучување на децата со хендикеп од редовниот образовен систем, како кај државните така и кај приватните училишта.

Новиот предог на ЗОО[19], го има вклучено основот на хендикеп во заштита од дискриминација, класифираќи ги учениците со хендикеп „како ученици со различна функционалност“. Со ваквата класификација новиот предлог - ЗОО посочува на условено вклучување на учениците со хендикеп во зависност од

[16][ Закон за основно образование, Консолидиран текст, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017).МО, >]

[17][ Закон за средно образование, Консолидиран текст, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017), МОН > ]

[18][ Закон за високо образование, МОН. Достапно на: < http://www.mon.gov.mk/images/documents/zakoni/ZAKON_VISOKOTO_OBRAZOVANIE-final.pdf> ]

[19][ Предлог Закон за основно образование, МОН 2018, > ]

# ГЛАВА II

степенот на нивнита функционалност и почува на медицинскиот пристап кон прашањето на хендикеп.

Имајќи ја предвид КПЛХ (член 24-б), законската рамка во областа на образованието, вклучувајќи го и новиот предлог на ЗОО, не овозможуваат лицата со хендикеп да имаат пристап до инклузивно, квалитетно и бесплатно основно и средно образование. Во таа насока образовниот систем во целост не го опфаќа и не го регулира прашањето на достапност, пристапност, прифатливост и приспособливост со што учениците со хендикеп се ставени во целосна неповолна положба во однос на другите ученици без хендикеп.

Во поглед на поддршката за учениците со хендикеп, новиот ЗОО, покрај разно – разните мерки (сервиси и центри) кои би требало да дадат поддршка за учениците со хендикеп, немаат никаква заокружена цел и не се насочени да обезбедат ефективен пристап до образование кој ќе придонесе за постигнување на целосна можна социјална интеграција и индивидуален развој на учениците со хендикеп.

Во истиот, целосно изостанува индивидуалната поддршка и разумното прилагодување. Дополнително низ предложениот систем се гледа непознавањето на сервисите за поддршка, па така се измешани сервисот за персонална асистенција со едукативните асистенти. Предложените сервиси се целосно неусогласени со КПЛХ член 19 и Општиот коментар број 5 на ООН Комитетот за правата на лицата со хендикеп за член 19.

И покрај заложбите за инклузивно образование, постоечкиот систем, суптилно промовира сегрегација и вклучување на учениците со хендикеп во специјални училишта или посебни паралелки во редовните училишта. Покрај сегрегацијата, истиот е фокусиран на фактичките или перцепираниот хендикеп и „оштетувања“ и ограничување на можностите засновани на претходно дефинирани и негативни претпоставки за потенцијалот на лицата со хендикеп. Таквиот медицински дефектолошки пристап е целосно пресликан и во образовните курукулуми.





ГЛАВА II

Ваквиот систем не овозможува лицата со хендикеп да имаат еднакво квалитетно образование на иста основа со другите и се принудени да се образоваат за работни места кои што ни оддалеку не допираат до нивниот потенцијал и талент. На пример, во ЗСО е наведено дека: „[в]о средното образование за ученици со посебни образовни потреби се образуваат ученици според сообразени програми за соодветни занимања односно образовни профили или за работно оспособување“.

Посебните и специјалните програми изработени преку Бирото за развој на образованието (понатаму во текстот: БРО) се целосно сведени на медицинскиот пристап и засновани на „оштетувањата“ или „функционалноста“ на лицата со хендикеп. Целокупниот образовен курукулум не нуди флексибилни наставни планови и методи за настава и учење прилагодени на различни предности, барања и стилови на учење.

Со тоа и кадарот кој произлегува од образовните факултети не е едуциран за прашањето на хендикепот од аспект на човековите права, ниту пак е едуциран за работа со ученици со хендикеп.

И покрај непостоењето на систем за едукација на наставниците, дополнителен парадокс се поставените бодирања, каде инклузијата се вреднува со бодови. Согласно Законот за просветна инспекција[20], бодовите се засновани на тоа дали наставникот реализирал настава во редовна паралелка со ученици со „посебни образовни потреби“ (8 бодови) или работи делумно (4 бодови).

Образовните програми не содржат одредби со кои би се промовирале и применувале различните форми, како ни одредби каде ќе постои обврска дека истите треба да бидат во пристапни формати. Оваа пракса е пресликана и во Законот за учебници за основно и средно образование[21]. Во Законот не е наведено дека

[20][ Индикатори за квалитет на работата на училиштата, МОН, Достапно на: http://mirceacev-lisicani.weebly.com/uploads/2/5/2/8/25280659/indikatori.pdf ]

[21][ Закон за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 99/2009, 83/2010, 36/2011, 135/2011, 46/2012, 24/2013, 120/2013, 29/2014, 146/2015, 217/2015 и 30/2016)]

# ГЛАВА II

учебниците треба да бидат изработени и во формат кој ќе биде достапен до сите ученици без разлика на видот на хендикеп, вклучувајќи електронски учебници во пристапен формат, учебници на Браево писмо, лесно читливи учебници и аудио формати, како и употреба на јазиците, земајќи ја во предвид и етничката застапеност на ученикот со хендикеп.

Инклузивните образовни курикулуми мора да имаат за цел да промовираат взаемно почитување и вредност за сите лица, вклучуваќи ги и лицата со хендикеп и да градат образовни средини во кои пристапот кон учењето, културата на образовната институција. Овие карактеристики целосно се изоставени од постоечкиот образовен план и програма за лицата со хендикеп.

Законот за наставници[22] (член 18) во делот на основни професионални компетенции на наставниците е наведено дека „социјална и образовна инклузија е едно од подрачјата во кои наставниците треба да поседуваат професионални вредности, професионални знаења и разбирање, како и професионални способности и вештини", без притоа да се земат во предвид одредбите од КПЛХ и обврските на наставниците.

Обуката на наставниот кадар по прашањето на хендикеп се одвива најчесто преку проекти и поддршка од меѓународните институции и фондации без некоја долгорочна стратегија од страна на Министертсвото за образование и наука (понатаму во текстот: МОН) и БРО за активно вклучување на децата и учениците со хендикеп во редовниот образовен систем на еднаква основа со другите[23].

Во целокупниот систем на креирање на наставниот кадар изостануваат мерките за вработување на администрацијата, наставниот и не-наставниот кадар со вештини за ефикасно да работат во инклузивни образовни средини, квалификувани

[22][ Закон за наставници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017) ]

[23][ Погледни: Извештај на Организациите на лица со хендикеп и граѓанските организации за имплементацијата на КПЛХ, доставен на разгледување на 20- та сесија на ООН Комитетот за правата на лицата со хендикеп, 2018 г. > ]



**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

ГЛАВА II

на знаковен јазик и / или Брајова азбука, ориентација и мобилност.

Во оваа линија се движат и одредбите на Законот за стручно образование и обука, Законот за образование на возрасните и Законот за ученичкиот стандард[24]. Во нив покрај непостоењето на клаузулата за заштита од дискриминација, истите не ги опфаќаат за принципите за пристапност, еднаковост и соодветно прилагодување.

Од сите горенаведени законски одредби во поглед на заштитата од дискриминација отстапува Законот за заштита на децата (понатаму во текстот: ЗЗД). ЗЗД го предвидува основот на заштита на децата со „посебни образовни потреби" од дискриминација, (член 12 ЗЗД). Освен заштита од дискриминација, законот не предвидува обврски за обезбедување на разумно прилагодување, како ни одредби за покренување на мерки за вклучување на децата со хендикеп во предучилишните институции без разлика на нивниот хендикеп на еднаква основа со другите деца, како ни мерки со кои би се отргнал анимузитетот кон вклучувањето на децата со хендикеп во градинките од страна на општата јавност и кадарот во институциите[25]. Дополнително, програмите за воспитание и образование на децата со хендикеп кои треба да ги изготви БРО во оваа област сè уште не се донесени од страна на МОН .

Од друга страна законот за спречување и заштита од дискриминација[26] (понатаму во текстот: ЗСЗД) го има предвидено основот на хендикеп во заштитата од дискриминација и паралелно предвидува и одредби со кои необезбедувањето на пристапноста и соодветното прилагодување ќе се смета за дискриминација во областа на образованието.

[24][ Закон за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2005, 117/2008, 17/2011, 135/2011, 15/2013, 41/2014, 146/2015 и 30/2016)]

[25][ Погледни: Најчевска М., Кадриу Б., Јандријеска Јованова К., Чавковска Б., Мора Бајрами В., Невидливи за општеството, Проценка на подготвеноста за ратификација на Конвенцијата за правата на лицата со попречености, Фондација отворено општество – Македонија, Скопје, 2011 година. Достапно на: <http://soros.org.mk/dokumenti/FOOM-Nevodlivi-za-opstestvoto-MK.pdf>]

[26][ Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен Весник на РМ, бр.50/2010, од 13 април 2010 година. Достапно на: <http://www.mtsp.gov.mk> и <http://www.slvesnik.com.mk>.]

Целокупната законската рамка во областа на образованието не содржи никакви одредби пре-ку кои би се идентификувале мате-ријалните, физичките, јазичните, комуникациските, финансиските, правните и другите бариери за образование на сите нивоа со што би им се овозможило на лицата со хендикеп еднакви можности за образование на еднаква основа со другите.

Паралелно системот не подлежи на обврска при креирањето на политиките и буџетите за образовните институции истите да се гледаат од аспект на прашањето на хендикеп, како и обврската за задолжително вклучување на лицата со хендикеп, вклучително и децата со хендикеп во сите процеси во образовниот систем.

Голем проблем при обезбедувањето на инкузивното образование има и категоризацијата на децата и младите со хендикеп. Категоризацијата на децата со хендикеп е базирана на медицинскиот пристап при што целосно е изоставен пристапот кон човекови права. Ваквиот пристап ги ограничува образовните институции да направат посериозни чекори во остварувањето на правото на образование на лицата со хендикеп како и да обезбедат нивно вклучување во редовниот образовен систем на еднаква основа со другите деца.

Непостоењето на квалификуван и посветен училишен персонал, непостоењето на соодветна пристапна инфраструктура, како и непостоењето на соодветно поставени и развиени сервиси за поддршка, како и недостатокот на разбирање и капацитетот остануваат значителни пречки за инклузивното образование.

## 2. Статистика и Податоци на национална ниво

Образовниот систем на Република Македонија е организиран преку предучилишно, основно, средно и високо образование.

Специјалното образование за децата со хендикеп е пракса во земјата без оглед на тоа што членот 24 од КПЛХ ѝ наметнува на државата должност да обезбеди и гарантира пристап за децата со хендикеп кон „инклузивно, квалитетно и бесплатно основно образование и средно образование на еднаква основа со другите во заедниците во кои живеат.”





Основното образование трае девет години. Тоа е е задолжително и бесплатно за сите ученици (на возраст 6-14 години). Во земјата има 1.100 основни училишта (вклучувајќи ги и подрачните). Вкупниот број на ученици во 2016 / 2017 година изнесувал 190,225 ученика во основно образование[27].

Согласно податоците од Државниот завод за статистика (понатаму во текстот: ДЗС) во статистичкиот преглед за основни и средни училишта се евидентирани 45 специјални основни училишта од кои 40 се специјални училишта за деца „попречени во менталниот развој“, 1 основно училиште за деца со оштетен слух, 1 основно училиште за деца со оштетен вид, 1 основно училиште за деца со оштетен слух и говор, 1 основно училиште за телесно инвалидни деца и 1 основно училиште за воспитно - запуштени деца.

**Табela 1** Приказ на редовните основни училишта, по години и број на ученици

| Редовни основни училишт а и број на ученици | Училишта | Паралелки | Ученици | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вкупно | ученички | Ученици кои завршиле училиште | |
| | | | | | Вкупно | Ученички |
| 2012/2013 | 990 | 10 657 | 194 055 | 94 309 | 22 955 | 11 147 |
| 2013/2014 | 990 | 10 664 | 190 541 | 92 542 | 21 355 | 10 365 |
| 2014/2015 | 989 | 10 689 | 188 361 | 91 397 | 21 641 | 10 520 |
| 2015/2016 | 990 | 10 621 | 185 119 | 89 755 | 16 710 | 8 021 |
| 2016/2017 | 991 | 10 830 | 190 225 | 92 103 | 20 662 | 10 006 |

[27][ Основни и средни училишта на крајот на годината 2016/2017 Статистичкиот преглед број 2.4.18.05/896, Државен Завод за статистика, 2018, страна 10. Достапно на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.05.pdf ]

# ГЛАВА II

Табела 2 Приказ на специјалните основни училишта, по години и број на ученици (Во табелата се иземени податоците за специјалното училиште за воспитно - запуштени деца)

| Специјални основни училишта/ Година | Училишта | Паралелки | Ученици | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вкупно | Ученички | Ученици кои завршиле училиште Вкупно |
| 2012/2013[28] | 44 | 166 | 895 | 292 | 133 |
| 2013/2014[29] | 44 | 170 | 793 | 273 | 94 |
| 2014/2015[30] | 43 | 180 | 815 | 291 | 86 |
| 2015/2016[31] | 44 | 173 | 727 | 248 | 101 |
| 2016/2017[32] | 44 | 200 | 1 206 | 481 | 132 |

Според податоците од ДЗС може да се согледа дека во учебната година 2016 / 2017 има зголемување за 40 % на вкупниот број на ученици со хендикеп во специјалните основни училишта во однос на учебната 2015 / 2016.

Ако направиме споредба на податоците од редовните основни училишта и податоците од специјалните училишта ќе може да се согледа дека е помал бројот на учеството на децата/ учениците со хендикеп во основното образование.

[28]Основни и средни училишта на крајот на годината 2012/2013 Статистичкиот преглед број 2.4.18.05/896, Државен Завод за статистика, 2014, страна 40. Достапно на <http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.05.pdf>

[29]Основни и средни училишта на крајот на годината 2013/2014 Статистичкиот преглед број 2.4.15.07/816, Државен Завод за статистика, 2015, страна 40. Достапно на:< http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.07.pdf>

[30]Основни и средни училишта на крајот на годината 2014/2015 Статистичкиот преглед број 2.4.16.06/851, Државен Завод за статистика, 2016, страна 40. Достапно на:< http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.06.pdf>

[31]Основни и средни училипта на крајот на годината 2015/2016 Статистичкиот преглед број 2.4.17.05/874, Државен Завод за статистика, 2017, страна 40. Достапно на:< http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.17.05.pdf >

[32]Основни и средни училипта на крајот на годината 2016/2017 Статистичкиот преглед број 2.4.18.05/896, Државен Завод за статистика, 2018, страна 40. Достапно на:< http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.05.pdf>





# ГЛАВА II

Во 2016/2017 година вкупниот број на ученици бил 190.225 ученика во редовните училишта, а застапеноста на учениците со хендикеп е 0,6 % и тоа во специјалните училишта.

Имајќи во предвид дека 10 – 15 % од вкупниот број на ученици припаѓаат на категоријата ученици со хендикеп, овој индикатор посочува дека децата / учениците со хендикеп не се застапени и не се вклучени во образовниот систем.

Дополнително постои неконзистентноста на податоците низ институциите. Тоа може да се забележи и од податоците добиени од МОН и податоци во ДЗС поврзани со посебниот додаток и надоместоците од социјалната заштита.

Според информациите во Статистичкиот преглед број 2.4.18.10/901[31] (Графикон 1) во 2016 година вкупниот број на деца кои биле корисници на посебниот детски додаток бил 7,346, а во 2017 - 7,301. Според истиот преглед,бројот на малолетни лица со хендикеп, корисници на социјална заштита. според пол и возраст во 2017, изнесувал 3,118 корисник (во овој број не се вклучени корисниците на социјална заштита на возраст од 18 -26 години) или ако извадиме само лицата на возраст од 7-15 години, бројот на корисници изнесувал 1.729 (табела 3).

Согласно евиденцијата на МОН, а врз основа на доставените податоци од раководствата на сите државни и општински основни и средни училишта во изминатата учебна 2017/2018 година имало 1.246 основци со посебни образовни потреби, од кои 431 во посебните основни училишта и 815 во редовните основни училишта.

[31][ Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица, 2017, Статистичкиот преглед број 2.4.18.10/901, Државен Завод за статистика, 2018 Достапно на:< http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=22> ]

# ГЛАВА II

Графикон 1




Табела број 3 Малолетни корисници со хендикеп на социјална заштита според полот и возраста, 2017

| Извадок од Т-05: Малолетни корисници со хендикеп на социјална заштита според полот и возраста, 2017 | | Вкупно | Возраст | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | помалку од 7 години | 7-13 | 14-15 | 16-17 | 18-26 |
| Лица со оштетен вид | Вкупно | 285 | 48 | 92 | 30 | 21 | 94 |
| | жени | 91 | 23 | 39 | 13 | 6 | 10 |
| Лица со оштетен слух | Вкупно | 270 | 41 | 90 | 61 | 43 | 35 |
| | жени | 92 | 21 | 35 | 18 | 10 | 8 |
| Лица со пречки во вербалната | Вкупно | 84 | 22 | 25 | 17 | 9 | 11 |
| | жени | 32 | 10 | 12 | 4 | 2 | 4 |
| Лица со телесен инвалидитет | Вкупно | 817 | 247 | 208 | 96 | 123 | 143 |
| | жени | 332 | 115 | 81 | 35 | 51 | 50 |
| Лица со пречки во менталниот | Вкупно | 1 364 | 217 | 389 | 274 | 199 | 285 |
| | жени | 552 | 87 | 158 | 125 | 81 | 101 |
| Аутизам | Вкупно | 97 | 40 | 46 | 6 | 3 | 2 |
| | жени | 18 | 7 | 9 | 1 | - | 1 |
| Лица со комбинирани пречки во | Вкупно | 948 | 242 | 299 | 96 | 134 | 177 |
| | жени | 378 | 107 | 118 | 37 | 48 | 68 |






# ГЛАВА II


Бројките укажуваат дека голем дел од корисниците на посебниот детски додаток, како и малолетните корисници на социјална заштита не се вклучени во основното образование. Ако овие податоци ги погледаме низ самите категории на лица со хендикеп, ќе увидиме дека и овие евидентирани лица по категории некаде се изгубени низ лавиринтот на системот.

Ако направиме споредба на табела 3 и 4, во поглед на категориите на лица со хендикеп можеме да забележиме дека вкупно 523 лица/ деца не се вклучени во образованието од кои 17 лица со интелектуален хендикеп, 90 лица со оштетен слух, 90 лица со оштетен вид, 32 лица/ деца со оштетен слух и говор и 294 лица/ деца со телесен хендикеп.

**Табела 4.** Број на специјални основни училипта, паралелки и ученици

| 2016/2017 | Учи лиш та | Пар алел ки | Ученици | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | вкупн о | ученич ки | завршил е одделен ие | заврши ле учили ште |
| **Вкупно** | **44** | **200** | **113** | **481** | **1068** | **132** |
| Училишта за деца попречени во менталниот развој | 40 | 168 | 1 093 | 440 | 965 | 126 |
| Училишта за деца со оштетен слух | 1 | 14 | 61 | 21 | 61 | 3 |
| Училишта за деца со оштетен вид | 1 | 10 | 32 | 15 | 32 | 1 |
| Училишта за деца со оштетен слух и говор | 1 | 2 | 10 | 3 | 10 | 1 |
| Училишта за телесно инвалидни деца | 1 | 6 | 10 | 2 | - | 1 |

# ГЛАВА II

Со децентрализацијата во училиштата се создадоа состојби во кои изостануваат локални политики за инклузивност. За оние ученици кои посетуваат училиште, изборот им се сведува на редовно училиште или специјално училиште. Исто така постојат паралелки за ученици со хендикеп во редовните основни училишта.

И во овој пристап за децата со хендикеп сместени во посебни одделенија – иако се под истиот покрив – сепак, во пракса се разделени од нивните соученици, се образоваат само со скратено училишно време или им е ускратен пристапот кон продолжениот престој.

Вакви паралелки има во 21 училиште во 18 општини и се составен дел на основни училишта кои сега се во надлежност на општината. Овие училници функционираат како средини со „посебни услови" во рамките на редовните училишта.

**Изјава на учесник на интервју**

Низ постоечките податоци може да се забележи и родовиот јаз кај лицата со хендикеп. Имено од вкупниот број на евидентирани деца со хендикеп (Табела 3) 40 % се деца од женскиот пол, притоа најмала застапеност има на девојчињата со хендикеп кај децата со телесен хендикеп (20%).

Немањето на статистика за населението со хендикеп претставува доста ограничувачки фактор во одредувањето колку од лицата со хендикеп се вклучени во редовните паралелки, колку се издвоени во посебни паралелки во редовните училишта, а колку од децата со хендикеп своето образование исклучиво го остваруваат во специјалните училишта, како посебни институции.

Државата треба да воведе обврска секоја една образовна инситуција да води евиденција и статистика за бројот на лицата со хендикеп вклучени во образовниот систем, распределнеи по категории на состојба на хендикеп согласно член 2 од КПЛХ, земајќи го предвид и родовиот аспект.



АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА
демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

ГЛАВА II

Меѓу постоечките 116 средни училишта, повеќе од 100 се јавни, а другите се приватни или религиски. Приближно 14% од средните училишта се гимназии, 34,5% се стручни, додека 29% нудат и гимназиско и стручно образование; 4 училишта се за деца со хендикеп и 5 се уметнички училишта.

Вкупниот број на ученици во редовните средни училишта во годината 2016 / 2017 година бил 72,482 (Табела 5) додека бројот на ученици со хендикеп во годината 2016/2017 бил 221 (Табела 6)

**Табела 5.** Вкупен број на редовни средни училишта, паралелки, ученици 2013 -2017[34]

| Т-29: Редовни средни училишта, паралелки, ученици | Училишта | Паралелки | Ученици | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вкупно | Ученички | Ученици кои завршиле училиште | |
| | | | | | Вкупно | Ученички |
| 2012/2013 | 113 | 3 467 | 88 582 | 42 506 | 25 546 | 11 916 |
| 2013/2014 | 115 | 3 457 | 84 827 | 40 649 | 23 936 | 11 100 |
| 2014/2015 | 118 | 3 494 | 8178 8 | 39 533 | 23 516 | 11 057 |
| 2015/2016 | 121 | 3 447 | 77 625 | 37 267 | 21 957 | 10 248 |
| 2016/2017 | 131 | 3 481 | 72 482 | 34 874 | 21 577 | 10 171 |

[34][ Основни и средни училишта на крајот на годината 2016/2017 Статистичкиот преглед број 2.4.18.05/896, Државен Завод за статистика, 2018, страна 44. Достапно на:< http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.05.pdf>]

# ГЛАВА II

**Табела 6.** Вкупен број на специјални средни училишта, паралелки, ученици со хендикеп 2013 -2017

| Т-45: Специјални средни училишта, паралелки, ученици | Училишта | Паралелки | Ученици | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | вкупно | ученички | ученици кои завршиле училиште | |
| | | | | | вкупно | ученички |
| 2012/2013[35] | 4 | 57 | 289 | 87 | 272 | 97 |
| 2013/2014[36] | 4 | 58 | 279 | 80 | 256 | 79 |
| 2014/2015[37] | 4 | 59 | 260 | 74 | 258 | 72 |
| 2015/2016[38] | 4 | 60 | 236 | 64 | 234 | 70 |
| 2016/2017[39] | 4 | 61 | 221 | 64 | 221 | 82 |

[35]Основни и средни училишта на крајот на годината 2012/2013 Статистичкиот преглед број 2.4.18.05/896, Државен Завод за статистика, 2014, страна 62. Достапно на:< http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.05.pdf >

[36]Основни и средни училишта на крајот на годината 2013/2014 Статистичкиот преглед број 2.4.15.07/816, Државен Завод за статистика, 2015, страна 62. Достапно на:< http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.07.pdf >

[37]Основни и средни училишта на крајот на годината 2014/2015 Статистичкиот преглед број 2.4.16.06/851, Државен Завод за статистика, 2016, страна 62. Достапно на:< http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.06.pdf>

[38]Основни и средни училипта на крајот на годината 2015/2016 Статистичкиот преглед број 2.4.17.05/874, Државен Завод за статистика, 2017, страна 62. Достапно на:< http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.17.05.pdf>

[39]Основни и средни училипта на крајот на годината 2016/2017 Статистичкиот преглед број 2.4.18.05/896, Државен Завод за статистика, 2018, страна 62. Достапно на:< http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.05.pdf>





# ГЛАВА II

По аналогија на учеството на децата со хендикеп во основното образование и кај средното образование во учебната 2016/2017, застапеноста на учениците со хендикеп е 0,3 %, преполовено од учеството на учениците со хендикеп во основното образование за учебната 2016/2017.

Средното специјално образование за учениците со хендикеп е организирано во 4 институции, од кои 2 се средни училишта за лицата со интелектуален хендикеп, 1 за лицата со оштетен вид, и 1 за лицата со оштетен слух и говор. (Табела 7)

**Табела 7.** Специјални средни училишта според видот на попреченоста на учениците, 2016/2017

| Т-49: Специјални средни училишта според видот на спреченоста на учениците, 2016/2017 | Училишта | Паралелки | Ученици | | | Завршиле училиште | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вкупно | Ученички | Завршиле година | Вкупно | Ученички |
| **Вкупно** | **4** | **61** | **221** | **64** | **221** | **82** | **21** |
| За лица попречени во менталниот развој | 2 | 41 | 169 | 42 | 169 | 60 | 13 |
| За слепи и слабовидни лица | 1 | 8 | 17 | 10 | 17 | 7 | 3 |
| За глуви и наглуви лица | 1 | 12 | 35 | 12 | 35 | 15 | 5 |

# ГЛАВА II

Земаќи во предвид податоците од специјалното основно образование (Табела 2) може да се увиде дека многу мал број од учениците со хендикеп го продолжуваат образованието.

Квалификациите кои ги стекнуваат лицата со хендикеп во овие средни училишта се во 7 области. Проблемот со овие струки е што не се во ист обем и квалитет како кај редовните средните училишта. Учениците кои што се школуваат во специјализирано образование вообичаено не добиваат признаена диплома и имаат ограничен пристап кон средното и високото образование. И покрај недоволните веродостојни податоци, се чини дека штом еднаш влезат во специјално образование, ретко можат да се реинтегрираат во стандардното образование. Ваквиот пристап може само ја продлабочува маргинализацијата на лицата со хендикеп во општеството и истата придонесува да се зајакнат предрасудите кон нив.

Во табела 8 може да се види дека најголемо учество на лицата со хендикеп има во графичката струка. Но, кога станува збор за графичка струка учениците со хендикеп се стекнуваат со стручно оспособување за книговрзувачи, работници на печатарски машини, работници во картонажа, лепење и други мануелни работи во областа на графичката струка. Здравствената струка во средното стручно четиригодишно образование содржи 5 образовни профили: забен техничар, медицинска сестра, медицински лабораториски техничар, фармацевтски лабораториски техничар и физиотерапевтски техничар. Лицата со хендикеп во оваа струка како физиотерапевтски техничар.

Согласно евиденцијата на МОН, а врз основа на доставените податоци од раководствата на средните училишта, во изминатата учебна 2017/2018 година имало 525 средношколци со посебни образовни потреби, од кои 240 во средните училишта за ученици со посебни образовни потреби и 285 ученици во редовните средни училишта.





# ГЛАВА II

**Табела8.**[40] Специјални средни училишта, по струка

| Специјални средни училишта, ученици по години и струка, 2016/2017 | Вкупно | Ученици според струката | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | земјоделско - ветери-нарна | собраќајна | машинска | електро-техничка | текстилна | текстилно - кожарска | графичка | градежна | угостителс ко-тури-стичка | здравствена |
| **Вкупно ученици** | 221 | 15 | 4 | 57 | 10 | 26 | 13 | 57 | 16 | 15 | 8 |
| **Ученички** | 64 | 1 | 3 | - | - | 16 | 12 | 20 | - | 8 | 4 |
| **Завршиле година** | 221 | 15 | 4 | 57 | 10 | 26 | 13 | 57 | 16 | 15 | 8 |
| **Ученици по години** | | | | | | | | | | | |
| **I година** | | | | | | | | | | | |
| сè | 55 | 4 | - | 11 | 3 | 9 | 2 | 20 | 3 | 3 | - |
| ученички | 17 | - | - | - | - | 5 | 2 | 8 | - | 2 | - |
| завршиле година | 55 | 4 | - | 11 | 3 | 9 | 2 | 20 | 3 | 3 | - |
| **II година** | | | | | | | | | | | |
| сè | 73 | 4 | 2 | 18 | 3 | 8 | 4 | 15 | 10 | 7 | 2 |
| ученички завршиле година | 23 | 1 | 2 | - | - | 5 | 4 | 5 | - | 4 | 2 |
| завршиле година | 73 | 4 | 2 | 18 | 3 | 8 | 4 | 15 | 10 | 7 | 2 |
| **III година** | | | | | | | | | | | |
| сè | 77 | 7 | 2 | 19 | 4 | 9 | 2 | 22 | 3 | 5 | 4 |
| ученички | 19 | - | 1 | - | - | 6 | 1 | 7 | - | 2 | 2 |
| завршиле година | 77 | 7 | 2 | 19 | 4 | 9 | 2 | 22 | 3 | 5 | 4 |
| **IV година** | | | | | | | | | | | |
| сè | 16 | - | - | 9 | - | - | 5 | - | - | - | 2 |
| ученички | 5 | - | - | - | - | - | 5 | - | - | - | - |
| завршиле година | 16 | - | - | 9 | - | - | 5 | - | - | - | 2 |

Кога ќе се земе предвид дека програмите за работно оспособување се застарени, а работните места за кои се оспособуваат лицата со хендикеп најчесто не кореспондираат со потребите на пазарот на трудот се поставува прашањето за целисходноста на ова образование, а потоа и за реалните можности за изедначување на шансите на лицата со хендикеп на општиот пазар на труд. Без разлика на потенцијалите на лицата со хендикеп согласно законската рамка, тие се предодредени да се образуваат за мануелни и ниско платени работни места.

[40][ Основни и средни училипта на крајот на годината 2016/2017 Статистичкиот преглед број 2.4.18.05/896, Државен Завод за статистика, 2018, страна 63. Достапно на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.05.pdf]

# ГЛАВА II

Наставните програми за учениците со хендикеп треба да бидат насочени кон посовремени, софистицирани занимања кои се бараат на општиот пазар на трудот.

Дополнителен проблем се јавува и непристапноста на самите образовните установи за лицата со хендикеп. Проблемот е дотолку голем што дури и специјалните училишта се непристапни за учениците со хендикеп.

## 3. Перцепција за дискриминација врз основ на хендикеп

Иако законодавството постои, сепак во пракса лицата со хендикеп имаат пониско ниво на учество во сите фази од образовниот процес, а посебно во средното и високото образование. Лицата со интелектуален хендикеп се оние лица кои најчесто не го продолжуваат своето образование на повисоко ниво. Дополнителна потешкотија е и непристапноста на образовните институции. Истражувањата покажаа дека од вкупно 334 основни училишта во државата[41], при анализирани 238 училишта, од нив пристапни рампи на влезот имале 18,9% од училиштата, прилагодени внатрешни простории (училници и тоалети) имале 10,9% од училиштата, и ниту едно училиште не располагало со внатрешен лифт. Од анализираните училишта, 74,3% училишта користат компјутери во наставниот процес, меѓутоа само 40,8% од учениците со хендикеп користат компјутер на еднаква основа со другите ученици во голема мера поради неадаптираноста на компјутерската опрема (асистивен уред) и софтверското прилагодување. Додека во средните стручни училишта резултатите покажуваат дека 59% од училиштата немаат рампа, 78% не користат асистивна технологија, а дури 65% од нив не располагаат со приспособени простории[42].

41[ Погледни: Извештај од истражување: Примена на асистивната информатичка технологија во редовните основни училишта во Македонија, тековни состојби и потреби, Отворете ги прозорците, Скопје, март 2011 година, стр.9-15.]

42[ Погледни: Ардијана Исахи-Палоши, Лидушка Василеска, Лепа Трпческа, Горан Спасовски, Радмила Стојковска-Алексова, David Crabtree, Инклузија во средното стручно образование, прирачник за работа со ученици со посебни образовни потреби, Британски совет, Скопје, 2014 година, стр.69]



**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

ГЛАВА II

Според истражувањето „Училишта по мерка на децата[43]“ 69% од наставниците кои работат со деца со „пречки во развојот“ во Македонија и 50 % од сите наставници сметаат дека децата со хендикеп не треба да посетуваат редовна настава.

Овие согледувања се воочени и во истражувањето „Мапирање на ВЕТ образовните политики и практики за социјална инклузија и социјална кохезија”, според кое „постојат ограничени можности за образование и на учениците со посебни образовни потреби. Ова е главно поврзано со недостатокот на потребните физички капацитети во рамките на училиштата, но исто така, се должи и на широкоприфатената идеја дека учениците со посебни потреби не треба да се мешаат со другите ученици во редовната настава“[44]

Во извештајот „Правото на образование на децата со пречки во развојот: пристап кон инклузивно образование“се проценува дека само 15% од децата со хендикеп во земјата посетуваат училиште, најчесто посебно училиште и стигматизацијата е основната пречка во остварување целосна инклузија[45].

Од наодите на истражувањето „Студентите со инвалидност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во 2011 година“, само 47 студенти со хендикеп се евидентирани на факултетите при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во 2011 г. Од нив 30 студенти се со телесна попреченост, 2 со оштетен слух, 5 студенти со оштетен вид, 5 со хронично заболување и 5 студенти со комбинирани пречки во развојот.

43[ Погледни: Публикација: „ИНКЛУЗИВНОТО образование во рамките на училиштата по мерка на детето: резултати и препораки од студијата за Македонија“ МОН, 2010 Достапно на: <http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/INCLUSIVE_REPORT_MKD(1).pdf >]

44[ Погледни: Извештај: „Мапирање на ВЕТ образовните политики и практики за социјална инклузија и социјална кохезија во Западен Балкан, Турција и Израел. Извештај за Македонија“ 2013 Достапно на:< http://docplayer.net/79775693-Mapping-of-vet-educational-policies-and-practices-for-social-inclusion-and-social-cohesion-in-the-western-balkans-turkey-and-israel.html> ]

45[ Види: Жанета Попоска, Беким Кадриу, Елена Грозданова, Реџепали Чупи, Елена Кочоска, Анализата на дискриминациските практики во областа на образованието, ОБСЕ и МТСП, Скопје, 2014 година, стр.103]

# ГЛАВА II

Поголемиот број училишта (70%) при упис на ученици со хендикеп не доставуваат Наод и мислење од Заводот за ментално здравје и во училиштата не постои стандардна процедура за идентификување и следење ученици со посебни образовни потреби.

Екстерното тестирање и матурата се процеси во кои воопшто не се води сметка за пристапноста. При екстерното тестирање учениците мора да користат „рандом“ компјутер со што на некои лица со физичка попреченост им преставува голем предизвик (пример, слепо лице не може да користи читач на екран). Неофицијално: резултатите на учениците со попреченост не влегуваат во просекот на училиштата и севкупниот национален просек (се води посебен список и потоа нивните резултати не се вклучуваат при пресметувањето на просекот)[46]

Народниот правобранител (понатаму во текстот: НП), во извештајот од посетата на 6 - те посебни основни и средни училишта во Македонија во 2013 година, посочува дека „има потреба од подготовка на учебници кои би биле прилагодени за децата. Поголемиот број од специјалните училишта се соочуваат недоволна соработка од страна на родителите, а не е задоволителна и соработката со здравствените установи кои ги издаваат наодите и мислењата за попреченоста на децата“.

Врз основа на согледената ситуација НП посочува дека како најчеста причина за предвременото напуштање на специјалното образование се стапување во брак, влошување на здравствената состојба, немањето на услови и можности за натамошно школување во редовниот образовен систем, заради ниската економска положба, како и заради одредени бенфиции кои ги обезбедува државата за различни ранливи групи.

Од информацијата на НП може да се увиди дека родителите на деца со умерени и комбинирани пречки кои добиваат посебен додаток ги отпишуваат децата од училиште, затоа што со сместување на децата во ученички дом овој посебен додаток им се прекинува[47].

[46] Погледни: Кочоска Е. Шаврески З, Јованоска В. КЛазовски В. Публикација Анализа на состојбата на лицата со физичка попреченост во Република Македонија“, 2016. Хелсиншки Комитет.



**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

# ГЛАВА II

Деценисната пракса на сегрегација ги направи очигледни сериозните последици од специјалното образование на децата. Училишната сегрегација не само што ги дискриминира децата и го повредува нивното право на образование на еднаква основа со другите, туку и ги намалува можностите да стекнат суштествени животни вештини преку контакт со другите; таа честопати е прв чекор во животниот пат обележан од сегрегација.

Правото на образование треба да се толкува преку една проширена визија за образованието која што оди подалеку од задолжителното и формалното образование. Тоа треба да го опфати и предучилишното и високото образование, но исто така и вон-наставните активности и неформалното образование.

Лицата со хендикеп во општеството мора да имаат пристап кон ваквите можности за учење на еднаква основа со другите, а државата мора да ги обезбеди и да ги гарантира можностите.

[ Погледни: Извептај на Народен Правобранител: „ Информација за состојбата со вклученоста на децата со посебни потреби во основните и средните посебни училишта“, Народен Правобранител 2013. Достапно на:< http://ombudsman.mk/upload/documents/2013/Izvestaj-Posebni%20ucilista-2014.pdf> ]

# ГЛАВА III

## Демистификција на прашањето на хендикеп во остварување на правото на образование



ГЛАВА III

### 1 Цел, предмет и примерок на истражувањето

Анализата – „Алката која недостасува“ - демистификција на прашањето на хендикеп во остварувањенаправотонаобразование е изработена во рамките на проектот „Маргина Обскура – прашањето на хендикеп во пристапувањето кон ЕУ“ кој го спроведува Полио плус – движење против хендикеп.

Целта на анализата беше да се расветли прашањето на хендикеп во праксата, односно да ја отслика моменталната состојба во поглед на остварувањето на правата на децата и лицата со хендикеп во областа на образованието. Анализата е замислена како алатка во рацете на чинителите релевантни во оваа област за унапредување на практиката а со цел усогласување и унапредување на законската рамка со КПЛХ.

За целите на анализата се креираше примерок составен од 1000 примероци од кои 500 опфатија лица со хендикеп и 500 родители на децата со хендикеп, запазувајќи ја при тоа поставката да има претставници од сите форми на хендикеп.

Во таа насока, од страна на лицата со хендикеп се добија одговори од 185 лица со физички хендикеп, 145 од лица со оштетен вид, 140 лица со оштетен слух и 30 лица со интелектуален хендикеп. Од кај родителите на деца со хендикеп се добија повратни одговори од страна 120 родители на деца со физички хендикеп, родители на деца со оштетен вид – 35, родиели на деца со оштетен слух – 60, родители на деца со комбиниран хендикеп – 105 и 180 одговори од страна на родители на деца со интелектуален хендикеп (Графикон 2)

Врз основа на добиените информации од терен, во однос на половата застапеност, беа добиени повратни информации од 265 жени, додека 235 беа мажи. Кај родителите на деца со хендикеп во поглед на половата застапеност се добиени одговори од страна на 245 мажи и 255 жени. (Графикон 3)

# ГЛАВА III

**Графикон 2**. Примерок од терен - лица со хендикеп и родители на деца со хендикеп по основ на хендикеп




**Графикон 3**. Примерок од терен - лица со хендикеп и родители на деца со хендикеп






**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во
Република Македонија со осврт на правото на образование

ГЛАВА III

Во поглед на етничката застапеност, 645 учесници се изјасниле како Македонци. 270 Албанци, 25 Бошњаци, 30 Турци, 10 Власи додека 20 учесника се изјасниле дека се од Ромската заедница.

Гледано од аспект на територијалнта покриеност, во рамките на истражувањето беа опфатени како градските, така и руралните средини. Најголема застапеност има во Скопје каде се опфатени 200 испитаници, потоа Тетово со 165 испитаници, па следат одговори од Велес на 80 испитаници, Прилеп - 75 испитаници, Гостивар - 70 испитаници, Гевгелија – 35 испитаници, Струмица, Струга, Радовиш, Охрид, Неготино, Дојран и Виница - 15 испитаника, Градско – 30 испитаници, Ресен – 25 Пробиштип, Штип, Кичево, Крива Паланка и Боговине со по 20 испитаника, Кочани, Кратово, Куманово, Дојран со по 10 испитаника, Битола и Брвеница, Валандово, Дебрца со 5 испитаника.

Кај лицата со хендикеп доминираат одговорите на испитаниците со хендикеп со возрасна група од 30 – 34 години, потоа испитаниците од 44 - 44 години, додека кај родители најзастапена е групата со возраст од 35 – 39, па потоа следат тие со над 50 години. (Графикон 4)

**Табела 9.** Примерок од терен лица со хендикеп и родители на деца со хендикеп по етничка припадност

| Етничка Застапеност | Лица со физички хендикеп | Лица со оштетен вид | Лица со оштетен слух | Лица со комбиниран хендикеп | Лица со интелектуален хендикеп | Родители на деца со физички хендикеп | Родители на деца со оштетен вид | Родители на деца со оштетен слух | Родители на деца со комбиниран хендикеп | Родители на деца со интелектуален хендикеп |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 110 | 80 | 100 | | 25 | 80 | 20 | 50 | 70 | 110 |
| Албанци | 75 | 45 | 20 | | 5 | 25 | 10 | | 30 | 60 |
| Бошњаци | | 5 | 10 | | | 5 | | | 5 | |
| Турци | | 10 | 5 | | | 10 | 5 | | | |
| Власи | | | 5 | | | | | | | 5 |
| Роми | | 5 | | | | | | 10 | | 5 |

# ГЛАВА III

**Графикон 4**. Примерок од терен лица со хендикеп и родители на деца со хендикеп по основ на возрасна група




Образовната структура на испитанците е различна. При што најдоминантно е средното образовнаие и кај двете групи. Кај лицата со хендикеп е висок % на лицата со основно образование како и 18 % кои немаат формално образование. За разлика од родителите 33 % имаат завршено високо обраование, тој % кај лицата со хендикеп е доста нисзок – само 8 % од испитаниците посочиле дека имаат високо образование.

**Графикон 5**. Примерок од терен лица со хендикеп и родители на деца со хендикеп по основ на образование








ГЛАВА III

## 2. Квантитативна и квалитативна анализа на одговорите на прашалниците

Во областа на образованието испитаниците одговараа на 10 прашања. Дополнително испитаниците имаа и прашања за одредени области кои тесно се поврзани со состојбата на хендикеп и образованието, а за кои и двете групи покажуваат мали познавања или воопшто не ги споменуваат во секојдневието и покрај тоа што се значаен елемент во дефинирањето на образовната политика.

Во поглед на дискриминицијата, 87% од испитаниците сметаат дека се дискриминирани во нашето општество, каде што образвоанието е на трето место како обаст каде лицата со хендикеп се изјасниле дека се дискриминирани (70,5%).

Една од обврските на државата при преземањето на сите неопходни мерки за обезбедување на правото на образованието за лицата со хендикеп е да обезбеди пристапност како физичка, односно пристап до и во зградите, така и да обезбеди пристапност до сите информации и комуникација за децата и возрасните со хендикеп.

Во поглед на пристапноста 85,5 % од испитаниците посочиле дека образовните институции не се пристапни. 12 % сметаат дека се делумно пристапни, додека 2,5 % се изјасниле дека не знаат (Графикон 8).

„Учениците со инвалидитет треба да посетуваат специјални училишта, таму тие ќе си имаат настава прилагодена за нив и полесно ќе се снајдат бидејќи во тие училишта се само деца со инвалидитет“- изјава на учесник на фокус група.

„Во училиштата е присутна изолација на децата со хендикеп заради ниско ниво на свест кај останатите деца, но и заради немање на асистивна технологија и опрема потребна за работа со децата со хендикеп. Часовите по физичка култура мора да важат и за децата со хендикеп, во моментов тие се исклучени од оваа настава“ – изјава на учесник на фокус група.

# ГЛАВА III

**Графикон 6**. Дали лицата со хендикеп се дискриминирани во нашето општество?




**Графикон 7**. Во која област на општественото живеење лицата со хендикеп се најчесто дискриминирани?






**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

# ГЛАВА III

Ова размислување е идентично како кај родителите на деца со хендикеп така и кај самите лица со хендикеп. 44 % од лицата со хендикеп сметаат дека образовните инситуции не се пристапни, а 41,5 % од родителите го делат тоа мислење. 12 % од вкупниот број на испитаници сметаат дека

% од самите лица со хендикеп. 1,5 % од лицата со хендикеп посочиле дека не знаат дали образовните институции се пристапни или не, додека само 1% од родителите го имаат тој став. Во поглед на самите групи кај лицата и родителите со хендикеп постојат одредени варијации.

**Графикон 8**. Според Вас, дали и во кој степен градинките/училиштата се пристапни и достапни за лицата/децата со хендикеп?




образовните институции се делумно пристапни. (Графикон број 8).

Ова мислење го делат 7,5% од родителите на деца со хендикеп и 4,5

18,5 % од лицата со физички хендикеп сметаат дека институциите не се пристапни, во споредба со родителите на деца со физички хендикеп, каде 10,5 % сметаат дека не се пристапни, а 1,5 % од

# ГЛАВА III

нив сметаат дека инситуциите се делумно пристапни. 12, 5 % од лицата со оштетен вид сметаат дека институциите не се пристапни, додека 2 % сметаат дека тие се делумно пристапни. Ова размислување е слично и кај родителите на деца со оштетен вид, каде 1 % од нив родителите на деца со оштетен слух и говор одговориле дека не знаат дали образовните институции се пристапни.

Овие размислувања се потврдени и од страна учесниците во фокус група, каде општиот заклучок е дека основните и средните училишта,

**Графикон 9**. Според Вас, дали и во кој степен градинките/училиштата се пристапни и достапни за лицата/децата со хендикеп?




сметаат дека инситуциите се делумно пристапни. Лицата со оштетен слух и говор имаат скоро слични видувања како и лицата со оштетен вид. 12 % од нив сметаат дека институциите не се пристапни, а 2 % од нив посочиле дека тие се делумно пристапни. За разлика од видувањата кај лицата со оштетен слух и говор, 1 % од како и факултетите во Македонија не ги задоволуваат стандардите за пристапност. Најчесто под пристапност присутните подразбираат физичка пристапност, односно рампа и лифт, додека паркингот, пристапни тоалети ниту ги спомнуваат.

Врз основа на дадените одговори од страна на испитаниците може да се заклучи дека испитаниците сметаат



**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во
Република Македонија со осврт на правото на образование

# ГЛАВА III

дека образовните институции не се пристапни за лицата со хендикеп. Имајќи предвид дека лицата со оштетен вид и слух и говор, лицата / децата со интелектуален и комбиниран хендикеп го остваруваат своето образование во специјалните училишта не се свесни за сите елементи на пристапност надвор од нивната група во заедницата со хендикеп.

Со оглед на тоа дека основното и средното образование е задолжително, а само мал број на училишта се пристапни, се отвора прашањето колку и на каков начин децата со хендикеп воопшто можат да го остварат своето право на образование.

Во поглед на пристапноста и достапноста на образовните материјали (учебници, наставни помагала и слично) како и едукативните техники, 95,5 % од вкупниот број на испитаници сметаат дека не се соодветни, од кои 49 % се лица со хендикеп додека 46,5 се размислувања на родителите на деца со хендикеп. Само 4,5 % од вкупниот број на испитаници одговориле позитивно, при што 3,5 % од родителите сметаат дека образовните материјали (учебници, наставни помагала и слично) и едукативните техники се соодветни за учениците со хендикеп. Графикон број 10

Мајка сум на 8 годишно девојче со понизок раст барав од училиштето да се прилагоди масата, столчето и тоалетот за да може ќерка ми да ја следи наставата, но бев одбиен од страна на директорот на училиптето „сега за едно дете јас ќе треба да се да реновирам...“

**Изјава на учесник од фокус група**

Гледани низ призмата на самите групи, (Графикон број 11) може да се забележи дека лицата со физички хендикеп (1%), родителите на деца со физички хендикеп (2,5 %) како и со многу мал % родителите на деца со оштетен вид и родителите на деца со оштетен слух и говор) имаат мислење дека материјалите се соодветни за лицата со хендикеп.

# ГЛАВА III

**Графикон 10**. Дали образовните материјали (учебници, наставни помагала и слично) и едукативните техники се соодветни за учениците со хендикеп?




**Графикон 11**. Дали образовните материјали (учебници, наставни помагала и слично) и едукативните техники се соодветни за учениците со хендикеп?








# ГЛАВА III

Овие размислувања се потврдени и од страна учесниците во фокус група, каде општ заклучок е дека не се соодветно технички и материјално опремени, децата со посебни потреби учат врз основа на несоодветни и неприлагодени наставни содржини кои што не се во можност да ги совладаат и нема посебни учебници со што би се олеснило образованието на оваа категорија деца.

Покрај пристапноста до основното и средното образование, 72,5 % од испитаниците на прашањето: „Дали лицата со хендикеп имаат можности да пристапат до високото образование, вокациска обука, образование за возрасни и доживотно учење без дискриминација и на еднаква основа со останатите?“ сметаат дека немаат еднаква можност да пристапат до нив.

„Мојата мајка ми ги препишуваше лекциите со поголеми букви за да можам да учам. Пробавме да ми чита на глас, но не можев да се сконцентрирам така“ – изјава на учесник од фокус група.

„Студент со интелектуален хендикеп побавно чита, пишува и учи. „Асистентот ми рече дека сум мрзлив, а мене ми треба повеќе време да го научам материјалот и повеќе време при полагање на колоквиум или испит. Учев со сестра ми, која ми ги разделуваше лекциите на помали пасуси затоа што така полесно се концентрирам и полесно учам. Во текот на студирањето асистентите и професорите го сфатија тоа и ми овозможуваа да полагам усно или пак ми даваа повеќе време при писмено полагање.“- изјава на учесник од фокус група.

Учебниците, лектирите и слично не се достапни во формати погодни за слепи или слабовидни деца. „Сите книги и лектири му ги прекуцувам во поголем фонт за да може да ги чита“ – **изјава на родител на дете со хендикеп.**

# ГЛАВА III

**Графикон 12**. Дали лицата со хендикеп имаат можности да пристапат до високото образование, вокациска обука, образование за возрасни и доживотно учење без дискриминација и на еднаква основа со останатите?




**Графикон 13**. Дали лицата со хендикеп имаат можности да пристапат до високото образование, вокациска обука, образование за возрасни и доживотно учење без дискриминација и на еднаква основа со останатите?






**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

# ГЛАВА III

Од 72 % од испитаниците 42 % од испитаниците се лица со хендикеп додека 30,5 % се родители на деца со хендикеп. 19,5 % од испитаниците – родители на деца со хендикеп не знаат дали децата / лицата со хендикеп можат да го остварат своето право на високото образование, вокациска обука, образование за возрасни и доживотно учење без дискриминација и на еднаква основа со останатите, што е доста загрижувачки факт. Графикон број 13

Од наодите кај овој графикон може да се констатира дека родителите на децата со хендикеп немаат познавања за можностите и правата кои ги имаат или немаат лицата со хендикеп кога се возрасни.

На прашањето „Дали во текот на образовниот процес Ви било вам / на вашето дете обезбедено соодветно приспособување?“ 61,5% од испитаниците одговориле негативно (Графикон број 14) од кои, 35 % се лица со хендикеп и 26,5 % се родители на деца со хендикеп. Само 1,5 % од испитаниците – родители на деца со хендикеп одговориле позитивно, односно во текот на образовниот процес им било обезбедено соодветно приспособување на нивното дете со хендикеп.

**Графикон 14**. Дали во текот на образовниот процес Ви било вам / на вашето дете обезбедено соодветно приспособување?



# ГЛАВА III

„Мојот факултет е пристапен. Само едно скалило има надвор и тука мора да ми помогне татко ми"– **изјава на лице со хендикеп.**

„Мајка ми или баба ми ме придружуваат до факултетот за да ги поминам скалите. Инаку друго можам сама. Понекогаш и колегите ми помагаат"– **изјава на лице со хендикеп.**

„ Учениците и студентите одат во училиште/факултет со своите најблиски, најчесто родител" – **изјава на претставник од институциите.**

Доста е висок % на испитаниците кои не дале одговор. Од 37% од испитаниците, 22 % се родители на деца со хендикеп додека, 15 % се лица со хендикеп. Гледано низ самите групи може да се забележи дека соодветно приспособување им било обезбедено на родителите со физички хендикеп (1%) и родителите на деца со оштетен вид (0,5%).

Во графикон 15 може да се согледа декаа лицата и родителите на деца со хендикеп не го познаваат доволно институтот за соодветно приспособување. И во истражувањето доста е висок % на испитаниците кои не дале одговор на ова прашање, пир што мајголем % е се јавува кај родителите на деца со интелектуален хендикеп (9,5%) потоа кај родителите на деца со комбиниран хендикеп (4,5%), потоа родителите на деца со физички хендикеп (4%). Кај испитаниците со хендикеп, највисоко непознавање има кај лицата со оштетен вид (5%), па кај лицата со физички хендикеп (4%).

На прашањето: „Дали образовниот систем помага за развој на личноста, талентите, креативноста и способностите на учениците / децата со хендикеп?" 19 % од испитаниците сметаат дека образовниот систем делумно помага во развивањето на талентот, креативноста и способностите кај лицата со хендикеп.

81 % од вкупниот број на испитаници сметаат дека образовниот систем не помага во развојот на личноста, талентите, креативноста и



**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во
Република Македонија со осврт на правото на образование

ГЛАВА III

**Графикон 15**. Дали во текот на образовниот процес Ви било вам / на вашето дете обезбедено соодветно приспособување?




**Графикон 16**. Дали образовниот систем помага за развој на личноста, талентите, креативноста и способностите на учениците/децата со хендикеп?



# ГЛАВА III

способностите на учениците/децата со хендикеп. Ова размислување го делат 47 % од испитаниците кои се лица со хендикеп.

Во овој наод, родителите на деца со хендикеп имаат помалку негативно мислење за пристапот на образовниот систем во развојот на личноста, талентите, креативноста и способностите на учениците/децата со хендикеп - 34 %. Интересно е тоа што размислувањата за делумен развој е најизразена кај родителите на деца со физички хендикеп (4,5% ) и родителите на деца со оштетен вид (1,5 %).

Додека кај лицата со хедникеп ова размислување е највисоко кај лицата со оштетен вид (2%) и лицата со оштетен слух и говор. Најголем негативен одговор во самата заедница има кај лицата со физички хендикеп (18%) додека кај родителите – кај родителите на деца со физички хендикеп (7,5%). Графикон број 17.

**Графикон 17**. Дали образовниот систем помага за развој на личноста, талентите, креативноста и способностите на учениците/децата со хендикеп?






**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

# ГЛАВА III

Со цел децата со хендикеп да имаат слободен пристап до образовните институции, целосно да учествуваат во образовните активности и да го зголемат нивото на своето образовно постигнување, треба да се исполнат следниве четири предуслови: 1) приспособување на физичката околина, како што се вратите, ходниците, лифтовите и рампите во училиштата, како и обезбедување на наставни програми и материјали како и опрема; 2) обука и други активности за јакнење на капацитетите на наставниот кадар и вработените во училиштата; 3) подигнување на свеста кај учениците, наставиот кадар и другиот вработен персонал за потребите и условите во кои живеат лицата со попреченост; и 4) обезбедување на системи за поддршка и помош.

Во таа насока на прашањето Графикон 18 „Дали училиштата / градинките имаат обучен наставен кадар за работа со ученици / деца со хендикеп?“ 64,5 % од испитаниците посочиле дека образовните институции немаат обучен кадар. Ова мислење го делат 40 % од лицата со хендикеп додека многу е помал % кај родителите на деца со хендикеп (24,5%). 27,5 % од испитаниците сметаат пак дека има обучен наставен кадар во образовните институции, ама е не доволен. И кај ова размислување

> „Инклузијата е добра работа ама само за оние со лесна физичка или ментална попреченост. Со оние со потешка не може да се работи во редовна настава. Одзема време кое треба да се посвети на сите ученици. Дури да го научиш една буква другите деца одат напред. Тоа не е убаво и за самото дете, ќе се осети како помалку вредно... “-изјава на учесник на фокус група
>
> „Јас сум глуво лице. Јас сум уметник без диплома. Завршив за бравар, оти само тоа дава државата во средното специјално училиште. Сакав да се запишам уметничко, ама не можело – сум бил глув“ – изјава на учесник на фокус група.

# ГЛАВА III

постои голема разлика помеѓу лицата со хендикеп во однос на родителите со хендикеп, каде 21 % од родителите сметаат дека има кадар, додека тоа мислење кај лицата со хендикеп е 6,5 %.

Гледано низ самите групи, може да се забележи дека негативните одговори се најголеми кај лицата со физички хендикеп (16%), потоа кај лицата со оштетен вид (12%) и лицата со оштетен слух и говор (10,5 %).

**Графикон 18**. Дали училиштата/ градинките имаат обучен наставен кадар за работа со ученици/деца со хендикеп?




**Графикон 19**. Дали училиштата/ градинките имаат обучен наставен кадар за работа со ученици/деца со хендикеп?








# ГЛАВА III

Кај родителите негативното мислење е најмногу изразено од страна на родителите на деца со физички хендикеп (7%), а потоа кај родителите на деца со интелектуален хендикеп (9 %). Ваквите размислувања се и доволен индикатор дека државата сепак мора да преземе мерки за вработување на наставен кадар, вклучително и наставници со хендикеп кои се квалификувани за знаковен јазик и/или Браево писмо и да обезбеди обука за наставниот кадар кој работи на сите нивоа на образование.

Образовниот систем како основа мора да ја има претпоставката дека сите деца можат да учат и имаат потенцијал да бидат образовани. Ова подразбира развивање на високи очекувања во однос на исходите од учењето за сите деца. Тоа, исто така подразбира и дека системот мора да ги идентификува конкретните потреби за учење на различните деца и да ги прилагоди наставните пракси кон конкретните околности со цел да ги задоволи овие потреби и да им ги обезбеди на сите деца соодветните можности да учат на училиште, како и вон него. Накратко, овој принцип значи дека државите мора да водат сметка економските, социјалните, културните или личните околности да не се претворат во извори на дискриминација што би спречувале некои деца да имаат квалитетно искуство на учење на еднаква основа со другите.

> „Инклузијата на глувите деца во образовниот систем не е реализирана, најчесто зависи од волјата на поединци, наставници или друг персонал, не им се работи ама и не им е вреднуван трудот. Изучувањето на гестовниот јазик во образованието треба да стане задолжителен предмет. За глувите лица мајчин јазик е гестовниот јазик. На глуви студенти не им се овозможува толкувач на гестовен јазик“ – **изјава на учесник на фокус група.**

Во таа насока е и потребата за обезбедување на потребната поддршка во рамките на образовен систем, при што 98 % од испитаниците сметаат

# ГЛАВА III

дека во образовниот систем не се достапни системите за поддршка на учениците за лицата со хендикеп кои имаат за цел стекнување на ефикасно образование. (Графикон број 20). Ова мислење го делат 49,5 % од лицата со хендикеп, за разлика од родителите на деца со хендикеп каде 48,5 % се изјасниле дека во образовниот систем не се достапни системите за поддршка на учениците за лицата со хендикеп кои имаат за цел стекнување на ефикасно образование.

**Графикон 20**. Дали во образовниот систем се достапни системите за поддршка на учениците за лицата со хендикеп кои имаат за цел стекнување на ефикасно образование?




**Графикон 21**. Дали во образовниот систем се достапни системите за поддршка на учениците за лицата со хендикеп со цел стекнување со ефикасно образование?






АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА
демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

ГЛАВА III

Во поглед на ова прашање, нема некои големи варијации кај сите групи во заедницата. Несомнено и лицата со хендикеп и родителите на деца со хендикеп се на иста линија во поглед на недостапноста на поддршката од страна на државата.

Во графикон број 22 може да се види дека 53,5 % од испитаниците сметаат дека работата на образовните институции не е добра, 27% се изјсниле дека воопшто не им се допаѓа, додека 19,5 % имаат чуство дека не е тоа што е потребно.

**Графикон 22**. Како ја оценувате работата на образовните институции во однос на лицата со хендикеп?




**Графикон 23**. Како ја оценувате работата на образовните институции во однос на лицата со хендикеп?



# ГЛАВА III

Со оценка „не е добра“ се изјасниле 27 % од испитаниците со хендикеп и 26.5 % од родителите. % дека воопшто не им се допаѓа работата на образовните институции во однос на лицата со хендикеп е повеќе изразен кај испитаниците со хендикеп (17,5%) во однос на родителите на деца со хендикеп (10%). 13,5 % од родителите имаат „чувство дека не е тоа што треба да биде“ што е за 6,5 % поголем од мислењето на испитаниците со хендикеп (6 %).

Најголем % на одговори дека не е добра работата на образовните институции во однос на лицата со хендикеп е искажана од страна на лицата со физички хендикеп (11,5%) и кај родителите на деца со интелектуален хендикеп (9,5 %). Графикон број 23

Испитаниците ги запрашавме од 7-те понудени одговори да ги изберат оние кои што тие би им ги предложиле на училиштата/градинките за да се подобри инклузивноста на децата со хендикеп во редовниот образовен процес.

Од дадените предлози (графикон 24), 86 % од испитаниците посочиле

**Графикон 24**. Што би предложиле на училиштата/градинките за да се подобри инклузивноста на децата со хендикеп во редовниот образовен процес?






**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

ГЛАВА III

дека потребно е обезбедување на пристапни и достапни обрзовни материјали за децата со хендикеп, со 72,5 % од испитаниците сметаат дека е потребна задолжителна обука за постојниот образовен кадар за работа со деца со различен вид на хендикеп и задолжителното вклучување на прашањето на хендикеп во образовните курикулуми.

Само 47 % од испитаниците посочиле на формирање на специјален тим за работа со децата со хендикеп. 39 % од испитаниците ги посочиле индивидуалните планови, додека само 30,5 % би предложиле обука на наставниот кадар за знаковниот јазик.

Врз основа на посочените одговори може да се забележат големи варијации кај лицата и родителите на деца со хендикеп. Додека 39 % од родителите би предложиле формирање на специјални тимови за работа со лица со хендикеп, тоа би го предложиле само 8 % од лицата со хендикеп.

Исто така 39 % од родителите би предложиле изработка на индивидуални планови, додека лицата со хендикеп воошто не би

„Наставниците не се доволно обучени за работа со деца со хендикеп: инклузивното образование не се изучува во соодветна мера на педагошките факултети. Достапните можности за професионален развој на наставниците се иницијативи на граѓанскиот сектор, но се системски решени“ – изјава на учесник на фокус група.

го предложиле. Големи варијации постојат и околу предлог мерките за вклучување на прашањето на хендикеп во образовните курикулуми, при што 40,5 % од лицата со хенидкеп би ја предложиле оваа мерка за разлика од родители (32%)

Слична е ситуацијата и кај воведувањето на задолжителна обука на постојниот кадар, кадешто 38,5 % од лицата со хендикеп би ја предложиле како мерка, за разлика од родителите каде што само 34 % од испитаниците би ја посочиле.

**Графикон 25**. Што би предложиле на училиштата/градинките за да се подобри инклузивноста на децата со хендикеп во редовниот образовен процес?




Ако ја погледнеме и самите групи во заедницата, ќе се забележат и таму одредени варијации. Имено, мерката за формирање на специјален тим би ја предложиле 16 % од родителите на деца со интелектуален хендикеп, потоа родителите на деца со комбиниран хендикеп (10,5 %) односно 5,5 % од родителите на деца со оштетен слух и говор, родителите на деца со физички хендикеп 4,5 % и родителите на деца со оштитен вид 2,5 % би ја предложиле оваа мерка (Табела 10). Кај лицата со хендикеп оваа мерка би ја предложиле



АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА
демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование
ГЛАВА III

5 % од лицата со оштетен вид, 1,5% од лицата со оштетен слух и говор и 1,5% од лицата со интелектуален хендикеп.

Неспорен е фактот дека правото на образование на лицата со хендикеп нема да се спроведе во целост ако не постои обврската на државите да преземат мерки за вработување на наставен кадар, вклучително и наставници со хендикеп кои се квалификувани за знаковен јазик и/или Браево писмо и да обезбедат обука за наставниот кадар кој работи на сите нивоа на образование.

Оваа обука би требало да опфати подигнувањето на свесноста за прашањето на хендикеп и користењето со алтернативни начини, направи и формати за комуникација, образовни материјали и техники за поддршка на лицата со хендикеп. И во овие предлог мерки очигледно е дека и лицата и родителите на деца со хендикеп не ги познаваат потребите на другите.

Од анализата, може да се види дека мерката „обука на наставниот кадар за знаковен јазик“, би ја предложиле само лицата со оштетен слух и говор

**Табела 10.** Што би предложиле категориите на лица со хендикеп на училиштата/градинките за да се подобри инклузивноста на децата со хендикеп во редовниот образовен процес?

| Што би предложиле на училиштата/градинките за да се подобро инклузивноста на децата со хендикеп во редовниот образовен процес | Лица со физички хендикеп | Лица со оштетен вид | Лица со оштетен слух | Лица со интелектуален хендикеп | Родители на деца со физички хендикеп | Родители на деца со оштетен вид | Родители на деца со оштетен слух | Родители на деца со комбиниран хендикеп | Родители на деца со интелектуален хендикеп |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Задолжително вклучување на прашањето на хендикеп во образовните програми и планови | 13.5% | 14.0% | 11.5% | 1.5% | 7.5% | 2.5% | 4.5% | 9.0% | 8.5% |
| Обука на постојниот кадар за работа со деца со различен вид на хендикеп | 15.5% | 12.5% | 8.0% | 2.5% | 4.5% | 2.5% | 3.5% | 8.0% | 15.5% |
| Обука на наставниот кадар за познавање на знаковниот јазик | 5.0% | 0.0% | 14.5% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 6.0% | 5.0% | 0.0% |
| Формирање на специјален тим за работа со детето со хендикеп | 0.0% | 5.0% | 1.5% | 1.5% | 4.5% | 2.5% | 5.5% | 10.5% | 16.0% |
| Пристапни и достапни образовни материјали за децата со хендикеп | 14.5% | 9.0% | 14.0% | 2.0% | 8.5% | 3.5% | 6.0% | 10.5% | 18.0% |
| Вклучување на асистивна технологија во образовниот процес | 12.5% | 10.0% | 5.5% | 2.5% | 8.0% | 3.5% | 1.0% | 6.0% | 10.5% |
| Изработка на индивидуални образовни планови земајќи ги предвид способностите на ученикот/детето со хендикеп | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 8.5% | 3.5% | 1.0% | 10.0% | 16.0% |

# ГЛАВА III

(14,5) родителите на деца со оштетен слух и говор (6%), лицата со физички хендикеп (5 %) и родителите на деца со комбиниран хендикеп (5%). При што останатите групи не се свесни дека знаковниот јазик треба да биде признат како официјален државен јазик.

Заради големите варијации кај одредени мерки, произлегува и наодот дека лицата со хендикеп не се активно вклучени во одредени процеси кои се покренати од страна на државата и родителите на деца со хендикеп. Тоа може јасно да се види и од разлчниот % кај лицата и родителите на деца со хедикеп за изработка на индивидуални планови, или воведување на специјални тимови за работа со деца со хендикеп во образованието.

Заради тоа е неопходно државата и образовните инситуции да ги вклучат самите лица со хендикеп, вклучувајќи ги и децата со интелектуален хендикеп во креирањето на сите програми, мерки или предлог активности, макар биле тие и најпрости и обични, во обезбедувањето на инклузивно образование.

На прашањето „Какво училиште треба да посетуваат лицата со хендикеп?“ 61% од испитаниците одговориле дека треба тоа биде редовно образование, додека 39% сметаат дека тоа треба да биде во специјалните училишта.

**Графикон 26**. Какво училиште треба да посетуваат лицата со хендикеп






**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во
Република Македонија со осврт на правото на образование

ГЛАВА III

И кај ова прашање постојат варијации меѓу родителите и лицата со хедикеп. Имено за специјално училиште се 10,5 % од лицата со хендикеп наспроти 28,5 % од родителите на деца со хендикеп. 39,5 % од лицата со хендикеп се за редовно обрзование, додека 28,5 % се родителите на деца со хендикеп.

Ако го погледнеме Графикон 27 ќе увидиме дека 12,5 % од родителите на деца со интелектуален хендикеп се за специјално училиште. Дури и 3 % од родителите на деца со физички хендикеп сметаат дека нивните деца треба да одат во специјално училиште. За разлика од родителите, кај лицата со хендикеп процентот е следен 1% од лицата со интелектуален хендикеп, 4,5 % кај лицата со оштетен слух и говор и 5 % кај лицата со оштетен вид..

Ваквите ставови се дополнителн индикатор дека од ратификувањето на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп државата не работела на подигнување на јавната свест како кај пошироката јавност, родителите така и кај самите лица со хендикеп.

**Графикон 27**. Какво училиште треба да посетуваат лицата со хендикеп



# ГЛАВА III

> „Наставниците не се доволно обучени за работа со деца со хендикеп: инклузивното образование не се изучува во соодветна мера на педагошките факултети. Достапните можности за професионален развој на наставниците се иницијативи на граѓанскиот сектор, но се системски решени“ – изјава на учесник на фокус група.

Вклученоста во редовното образование е важно не само затоа што ја обезбедува најдобрата образовна средина за учениците со хендикеп, туку затоа што помага како во соочувањето со стереотипите и предрасудите што ги имаат другите ученици без хендикеп и пошироката јавност за лицата со хендикеп, тако и во нивното надминување.

Целта на специјалното образование би била само да ги подготвува учениците за вклучување во редовниот образовен процес во некоја наредна инстанца, а не да станат нивни образовни институции.

Ако го погледнеме Графикон 27 ќе увидиме дека 12,5 % од родителите на деца со интелектуален хендикеп се за специјално училиште. Дури и 3 % од родителите на деца со физички хендикеп сметаат дека нивните деца треба да одат во специјално училиште. За разлика од родителите, кај лицата со хендикеп процентот е следен 1% од лицата со интелектуален хендикеп, 4,5 % кај лицата со оштетен слух и говор и 5 % кај лицата со оштетен вид..

Ваквите ставови се дополнителн индикатор дека од ратификувањето на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп државата не работела на подигнување на јавната свест како кај пошироката јавност, родителите така и кај самите лица со хендикеп.

Вклученоста во редовното образование е важно не само затоа што ја обезбедува најдобрата образовна средина за учениците со хендикеп, туку затоа што помага како во соочувањето со стереотипите и предрасудите што ги имаат другите ученици без хендикеп и пошироката јавност за лицата со хендикеп, тако и во нивното надминување.



**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

ГЛАВА III

Целта на специјалното образование би била само да ги подготвува учениците за вклучување во редовниот образовен процес во некоја наредна инстанца, а не да станат нивни образовни институции.

# Заклучоци и препораки



## Заклучоци

- И покрај постоењето на цврсто втемелени меѓународни стандарди што забрануваат дискриминација како и обврските кои произлегуваат од КПЛХ националното законодавство сè уште остава простор за нејаснотија во однос на забраната на училишна сегрегација врз основ на хендикеп.

- Законодавството во областа на образованието не обезбедува систематизиран и заокружен приод кон остварувањето на правото на образование на лицата со хендикеп без дискриминација и на еднаква основа со другите, согласно Конвенцијатаза правата на лицата со хендикеп и исто така, не постојат делотворни санкции во случај на училишната сегрегација врз учениците со хендикеп.

- Образовните институции немаат обврска за соодветно приспособување и истите не се одговорни за неоправданото неизвршување на истото, што претставува сериозен недостаток во борбата против дискриминацијата на лицата со хендикеп и создавање на еднакви можности. Според истражувањето 85,5 % од лицата со хендикеп и родителите на деца со хендикеп сметаат дека училиштата не се воопшто пристапни за лицата со хендикеп, 86% од испитаниците посочуваат дека образовните материјали треба да се пристапни.

- Постоечкиот систем за високо образование, вокациска обука, образованието за возрасни и доживотното учење не го опфаќаат пршањето на хендикеп и не нудат можности за поактивно вклучување на лицата со хендикеп. Според истражувањето 72,5 % од испитаниците (лица со хендикеп и родители на деца со хендикеп) сметаат дека немаат еднаква можност за пристап до високото образование, вокациска обука, образование за возрасни и доживотно учење без дискриминација на еднаква основа со останатите.

# Заклучоци

- Институциите често донесуваат одлуки во врска со планирањето на образованието без да ја имаат социјалната инклузија како цел и без да ги вклучат организациите на лица со хендикеп и самите деца и ученици со хендикеп. На пример, одлуката да се отворат или одржуваат определени училишта или одлуките да се отворат нови паралелки во определени училишта често се донесуваат без да се води сметка за потребите на децата со хендикеп за инклузивно образование. Според истражувањето 42 % од лицата и родителите со хендикеп сметаат дека треба да има специјални тимови за работа со лицата / децата со хендикеп во образовниот систем, 39 % од родителите на деца со хендикеп сметаат дека треба да имаат индивидуални планови, додека лицата со хендикеп сметаат дека нема потреба од нив.

- Наставниците честопати се доживуваат себе сѐ како недоволно подготвени за поучување на деца со хендикеп. Неопходните компетенции за ефикасна практика не се развиваат систематски и не е обезбедена адекватна поддршка во образовниот систем.

- Постоењето на сегрегирачки систем на образование на децата со хендикеп не овозможува поголем квалитет во образованието и намалување на амунизитетот кон децата со хендикеп и дополнително, истиот не овозможува развивање на индивидуалните капацитети, таленти и способности кај лицата со хендикеп. Според истражувањето 61 % од испитаниците сметаат дека учениците со хендикеп треба да одат во редовно обрзование.

- Непреземањето активности да се обезбеди квалитет на образованието подеднакво во сите училишта го храни маѓепсаниот круг на понизок квалитет на образованието, особено во специјалните и посебните одделенија за децата со хендикеп при што образовниот систем има ниски или никакви очекувања од децата со хендикеп.





# Заклучоци

- Една од главните пречки за дискриминацијата врз децата со хендикеп во образовниот систем е отсуството на колективна свест за важноста на инклузивното образование за социјалната кохезија и создавање на општество каде и децата учениците со хендикеп ќе имаат еднакви можности.

- Лицата со хендикеп како и организациите на лица со хендикеп не се активно вклучени во креирањето на образовниот систем, како ни во политиките и проектите кои се покренуваат во оваа област.

- Проценката за влез на децата со хендикеп во образовниот систем се прави на медицинско – дефектолошка основа што претставува сериозна пречка за поактивно вклучување на лицата со хендикеп во образовниот систем на сите нивоа.

- Образовните инситуции на сите нивоа не стимулираат вклучување на кадри со хендикеп во креирањето на политиките, како ни активно вклучување на организациите на лица со хендикеп, индивидуалци со хендикеп ниту на деца со хендикеп.

- Практиката покажува дека државата не превзема доволно напори за спроведување во целост на обврските превземени со ратификацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и значително подобрување е потребно со цел ефикасно остварување на правата на лицата со попреченост.

- Од наодите на истражувањето се заклучува дека најголемиот дел од лицата со хендикеп и родителите на децата со хендикеп не ги знаат своите права / правата на нивните деца со хендикеп, а нивната интерпретација најчесто ја врзуваат со медицинскиот пристап на гледање на состојбата на хендикеп. Исто така и лицата со хендикеп и родителите на деца со хендикеп имаат ниско ниво на познавање за постојната институционална инфраструктура за нивните права.

# Препораки

- Националното законодавство во областа на образованието треба целосно да се реформира во насока на целосно усогласување со Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп и да важи како за јавните, така и за приватните образовни установи.

- Забраната на дискриминацијата како и соодветното приспособување врз основ на хендикеп треба јасно да се пропише во законската рамка на сите нивоа и притоа истата да се однесува на запишувањето и условите за запишување на учениците во соодветната образовна институција; пристапот на учениците до кој било наставен предмет, установа или корист која ја предвидува односната образовна институција; кој било друг услов или критериум за учество на ученикот во наставата; или отпишувањето на ученикот од образовната институција; или која било друга санкција превземена против ученикот.

- Од суштествена важност е да се разработи сеопфатен систем на проценка на образовните потреби на учениците со хендикеп. Ваквиот систем треба да биде независен од училиштата, а неговата работа треба внимателно и редовно да се набљудува од страна на државата во кој ќе бидат вклучени кадри и професионалци со хендикеп. Индивидуалните образовни планови за лицата со хендикеп треба да бидат прилагодени и креирани согласно потребата на детето и со активно вклучување на лицата и децата со хендикеп во сите процеси.

- Потребна е итна реформа на наставните курукулуми каде што јасно ќе биде пропишана обврската за нивна изработка во пристапни формати, како и задолжително ќе влезе предмет по прашањето на хендикеп, а на Педагошкиот факултет би се креирале нови профили за поддршка и работа со ученици со хендикеп, како на пример образовни асистенти.



**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

# Препораки

- Мора да се редефинираат улогата и обврските на професионалците од стручните служби во училиштето со цел да се обезбеди адекватна поддршка за наставниците и учениците. Нивното место е во училницата каде што активно ќе учествуваат во поучувањето на учениците.

- Потребна е итна реформа на законот за учебници со јасно пропишување на обврска за нивна изработка во пристапни формати.

- Неопходна е соодветна регулаторна рамка за да се одбегне високата концентрација на децата со хендикеп во специјалните училишта, како и мерки со кои некои од овие училишта ќе бидат затворени, а некои би биле реформирани во центри за транзиција од специјалното во редовното образование.

- Потребни се активни политики за да се утврдат образовните потреби и да се овозможи вклучување на ученици со хендикеп кои што подоцна се вклучени во образовниот систем, особено возрасните лица со хендикеп кои заради низа на околности не биле вклучени во образованието. Исто така се неопходни мерки за вклучување на учениците со хендикеп кои се сместени во институциите и здравствените установи.

- Потребно е развивање на услуги за поддршка во образовните институции со активно вклучување на лицата со хендикеп.

- Потребна е законска и структурана промена во Центарот за стручно образование, каде што ќе бидат вклучени кадри со хендикеп.

- За законодавство да го има посакуваниот ефект за оваа група на граѓани истото треба да биде придружено со други дополнителни мерки како на пример подигнување на јавната свест, градење на капацитетите на одговорните институции и детална анализа на законодавството и политиките и нивно соодветно унапредување.

# Библиографија

- Промена и презнавање на гестовниот јазик како официјален јазик и обврска за негово изучување во училиштата.
- Воведување на политики и мерки за континуирани кампањи за промена на менталитетот на ниво на општеството. Од клучна важност е општеството како целина, носителите на одлуки и сите чинители вклучени во сферата на образованието целосно да ја разберат потребата од промената на оваа парадигма.
- Воведување на обврска за задолжително вклучување на организациите на лица со хендикеп и индивидуалците со хендикеп, како и самите деца со хендикеп притоа земаќи ги предвид сите форми на хендикеп и родовиот баланс во креирањето на сите програми, мерки или предлог активности без разлика дали се тоа најпрости и најобични активности во процесот на обезбедување на инклузивно образование.
- Зголемување на свесноста кај лицата со хендикеп и родителите на децата со хендикеп за Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, своите права и обврските на државата превземени со ратификацијата на Конвенцијата.
- Од наодите на истражувањето се препорачува дека потребно е зголемување на капацитетот и на организациите на лицата со хендикеп за застапување и вклучување во донесувањето на политики кои ги засегаат лицата со хендикеп.



**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во
Република Македонија со осврт на правото на образование

# Библиографија

Резолуција успвоена од страна на Генералното Собрани на ООН на 13-ти Декември 2006 година, A/RES/61/106, 24 јануари 2007. Достапно на: < https://treaties.un.org/doc/source/docs/A_RES_61_106-E.pdf >

Статус на потпишување и ратификација на МКПЛХ Достапно на: <http://treaties.un.org/Pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY &mtdsg_no=IV-15&chapter=4&lang=en>

Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на лица со инвалидност и Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лица со инвалидност, Собрание на РМ. 2011, страна 19 Достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk/Issues/ED1FF6FC1C8A1F4A8F36F48EFDE95E55.pdf>

Публикација:„Устав на Република Македонија, со амандманите на уставот I – XXXII“, ЈП Службен весник на РМ, страна 55, едиција 2011, Достапно на: < http://www.slvesnik.com.mk/content/Ustav%20na%20RM%20-%20makedonski%20-%20FINALEN%202011.pdf >

„Цели за одржлив развој до 2030 “ – цел 4, Достапно на:< https://www.un.org/sustainabledevelopment/education/ >

„Тематска студија за правото на лицата со хендикеп во образованието. Извештајот на Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на ООН, A/HRC/25/29 and Corr.1, параграф 3 и 68. Достапно на: <https://www.ohchr.org/EN/HRBodies/HRC/RegularSessions/Session25/Documents/A-HRC-25-29_en.doc>

„Општ Коментар број 13 (1999), Член 13: Право на образование“- член 13 (2) – Право на образование, страна 3 ООН Комитет за економските социјалните и културните права. Достапно на: < http://www.refworld.org/docid/4538838c22.html >

# Библиографија

**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија со осврт на правото на образование

# Библиографија

„Општ Коментар број 4 (2016), Член 24: Право на инклузивно образование“- параграф 17 ООН Комитет за правата на лицата со хендикеп. Достапно на: <http://www.refworld.org/docid/57c977e34.html >

„Општ Коментар број 5 (1994), Лица со хендикеп, параграф 35 страна 8-9 ООН Комитет за економските социјалните и културните права. Достапно на: < http://www.refworld.org/docid/4538838f0.html >

Попоска Ж. Публикација „ Толкувач на Меѓународната Конвенција за правата на лицата со попречност на Организацијата на обединетите нации“, страна 69 – 70, 2018 Полио Плус, Достапно на: <http://polioplus.org.mk/margina/dokumenti/Tolkuvac-B5-mk.pdf>

д-р Попоска Ж, д-р Јовевски Л. Публикација: „Антидискриминациско право“, ОБСЕ во Скопје

Заклучни согледувања на иницијалниот извештај на Република Македонија од страна на Комитетот за правата на лицата со хендикеп, усвоено од страна на Комитетот на 20-та седница (27 август- 21 септември 2018). ООН Комитет за правата на лицата со хендикеп. Достапно на: < https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/MKD/CO/1&Lang=En>

Закон за основно образование, Консолидиран текст, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017).МО, Достапно на : <http://www.mon.gov.mk>

Закон за средно образование, Консолидиран текст, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017), МОН, Достапно на: < http://www.mon.gov.mk>

Закон за високо образование, МОН. Достапно на: < http://www.mon.gov.mk/images/documents/zakoni/ZAKON_VISOKOTO_OBRAZOVANIE-final.pdf>

Предлог Закон за основно образование, МОН 2018, Достапно на: < http://www.mon.gov.mk>

Индикатори за квалитет на работата на училиштата, МОН, Достапно на: http://mirceacev-lisicani.weebly.com/uploads/2/5/2/8/25280659/indikatori.pdf

Закон за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 99/2009, 83/2010, 36/2011, 135/2011, 46/2012, 24/2013, 120/2013, 29/2014, 146/2015, 217/2015 и 30/2016)

Закон за наставници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017)

Извештај на Организациите на лица со хендикеп и граѓанските организации за имплементацијата на КПЛХ, доставен на разгледување на 20- та сесија на ООН Комитетот за правата на лицата со хендикеп, 2018 г. Достапно на: < https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=INT%2fCRPD%2fCSS%2fMKD%2f31979&Lang=en>

Закон за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 117/2008, 17/2011, 135/2011, 15/2013, 41/2014, 146/2015 и 30/2016)

Најчевска М., Кадриу Б., Јандријеска Јованова К., Чавковска Б., Мора Бајрами В., Невидливи за општеството, Проценка на подготвеноста за

# Библиографија

ратификација на Конвенцијата за правата на лицата со попречености, Фондација отворено општество – Македонија, Скопје, 2011 година. Достапно на: <http://soros.org.mk/dokumenti/FOOM-Nevodlivi-za-opstestvoto-MK.pdf>

Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен Весник на РМ, бр.50/2010, од 13 април 2010 година. Достапно на: <http://www.mtsp.gov.mk> и <http://www.slvesnik.com.mk>.

Основни и средни училишта на крајот на годината 2016/2017 Статистичкиот преглед број 2.4.18.05/896, Државен Завод за статистика, 2018, Достапно на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.05.pdf

Основни и средни училишта на крајот на годината 2012/2013 Статистичкиот преглед број 2.4.18.05/896, Државен Завод за статистика, 2014,. Достапно на <http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.05.pdf>

Основни и средни училишта на крајот на годината 2013/2014 Статистичкиот преглед број 2.4.15.07/816, Државен Завод за статистика, 2015. Достапно на:< http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.07.pdf>

Основни и средни училишта на крајот на годината 2014/2015 Статистичкиот преглед број 2.4.16.06/851, Државен Завод за статистика, 2016. Достапно на:< http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.06.pdf>

Основни и средни училипта на крајот на годината 2015/2016 Статистичкиот преглед број 2.4.17.05/874, Државен Завод за статистика, 2017. Достапно на:< http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.17.05.pdf >

Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица, 2017, Статистичкиот преглед број 2.4.18.10/901, Државен Завод за статистика, 2018 Достапно на:< http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=22>

Извештај од истражување: Примена на асистивната информатичка технологија во редовните основни училишта во Македонија, тековни состојби и потреби, Отворете ги прозорците, Скопје, март 2011 година, стр.9-15.



**АЛКАТА ШТО НЕДОСТАСУВА**
демистификција на правата на лицата со хендикеп во
Република Македонија со осврт на правото на образование

# Библиографија

Ардијана Исахи-Палоши, Лидушка Василеска, Лепа Трпческа, Горан Спасовски, Радмила Стојковска-Алексова, David Crabtree, Инклузија во средното стручно образование, прирачник за работа со ученици со посебни образовни потреби, Британски совет, Скопје, 2014 година, стр.69

Публикација: „ИНКЛУЗИВНОТО образование во рамките на училиштата по мерка на детето: резултати и препораки од студијата за Македонија“ МОН, 2010 Достапно на: <http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/INCLUSIVE_REPORT_MKD(1).pdf >

Извештај: „Мапирање на ВЕТ образовните политики и практики за социјална инклузија и социјална кохезија во Западен Балкан, Турција и Израел. Извештај за Македонија“ 2013 Достапно на:< http://docplayer.net/79775693-Mapping-of-vet-educational-policies-and-practices-for-social-inclusion-and-social-cohesion-in-the-western-balkans-turkey-and-israel.html>

Жанета Попоска, Беким Кадриу, Елена Грозданова, Реџепали Чупи, Елена Кочоска, Анализата на дискриминациските практики во областа на образованието, ОБСЕ и МТСП, Скопје, 2014 година, стр.103

Кочоска Е. Шавревски З, Јованоска В. КЛазовски В. Публикација Анализа на состојбата на лицата со физичка попреченост во Република Македонија“, 2016. Хелсиншки Комитет. Достапно на:< http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/2545/________________________________5_.pdf >

Извештај на Народен Правобранител: „ Информација за состојбата со вклученоста на децата со посебни потреби во основните и средните посебни училишта“, Народен Правобранител 2013. Достапно на:< http://ombudsman.mk/upload/documents/2013/Izvestaj-Posebni%20ucilista-2014.pdf>

Полио Плус – движење против хендикеп

Полио Плус е македонска мултиетничка, мултиконфесионална граѓанска организација на лица со и без хендикеп која работи на суштинско поврзување и целосно остварување на основните човекови права и слободи на лицата со хендикеп.

Нашата мисија е јакнење на самодовербата на лицата со хендикеп и креирање на општество со еднакви можности за сите.

Мисијата ја оствaруваме преку застапување и лобирање за промена и унапредување на легислативата, образование, вработување и независно живеење на лицата со хендикеп од една страна, како и подигнување на јавната свест, афирмирање на нивната креативност и придонес во заедницата од друга страна.

“Полио Плус не патува сам”. Нашата мисија ја остваруваме заедно со другите чинители во општеството.

Контакт

Полио Плус – движење против хендикеп

Булевар Авној 64 локал 2

1000 Скопје Македонија

Телефон / Факс : +389 2 2400 544

Е- пошта: polioplus@polioplus.org.mk

MARGINA OBSCURA

*Прашањето на хендикеп во притсапувањето кон Европската унија*

ЕУ за ТЕБЕ

ACED

Agency for Cooperation, Education and Development

**Полио Плус**

движење против хендикеп